ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 15 – 274/1
Дата: 14.02.2018

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Операторот на електропреносниот систем на Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје (во понатамошниот текст Друштвото) за 2016 година.

Ревизијата изрази неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2016 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Извршена е ревизија, и издаден е извештај за Системот на интерни контроли – СИК на АД МЕПСО во 2013 година за одредени процеси и за истите дадени се соодветни заклучоци содржани во Конечниот извештај за оваа ревизија.

Извршена е ревизија на преземените мерки по дадените препораки од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во текот на 2015 година и издаден е преглед за резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор, од кој може да се констатира дека од вкупно 6 дадени препораки 4 препораки се спроведени, а за две препораки активностите се во тек.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај АД МЕПСО, за 2016 година утврдени се одредени состојби кои имаат влијание на работењето на Друштвото и тоа како што следува:

- развојот и безбедноста на ИТ системот, организацијата, пристапот до ресурсите, водењето на евиденција на софтверските апликации и лиценците со кои располага Друштвото, користењето на апликациите за архивско работење и водењето на трговските книги се во контролно опкружување кое бара преземање на дополнителни активности за

непречено функционирање на ИТ системите и заштита на податоците кои ги генерираат истите;
- отсуствува пречистен текст на Правилникот за систематизација на работните места и во исто време во постојните акти кои ја уредуваат оваа област констатирани се одредени недоследности во делот на условите за работа, бројот на систематизирани и потполнети работни места;
- запишано е заложно право „хипотека“ на имот кој е во заедничка сопственост со друг правен субјект без знаење на Друштвото;
- за 95 недвижни ствари со вкупна набавна вредност од 3.624.967 илјади денари не се обезбедени имотни листови од надлежната агенција;
- недоследности во начинот на спроведување на пописот на средствата и обврските и усогласувањето на сметководствената со фактичката состојба;
- делегирање на надлежности на лице за склучување на договор за купопродажба на недвижен имот во износ од 4.812.500 евра на кое согласно интерните акти не му се доверени правни работи што преставува услов за постапување согласно Законот за трговските друштва;
- набавен е компјутеризиран деловен информациски систем (БИС) во вредност од 37.813 илјади денари и за истиот не се создадени услови за негово целосно користење;
- не секогаш во постапките за доделување на договори за јавни набавки:
    - е обезбедено навремено објавување на огласите во службените гласила на ЕУ;
    - се наведуваат критериуми за докажување на економската и финансиската состојба и техничка и професионална способност кои не се предвидени со одредбите на ЗЈН;
    - вршени се набавки кои не се содржани во техничките спецификации;
    - склучен е договор за јавна набавка во износ од 102.088 илјади денари и покрај тоа што за истиот постигната е најниска цена на електронска аукција во износ од 31.657 илјади денари;
    - склучен е анекс договор за јавна набавка за кој не се исполнети условите утврдени во ЗЈН и за истиот не е презентиран акт за овластување за потпишување на договорот;
    - склучен е договор за доделување на јавна набавка за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем во пазарни услови по правила и критериуми кои не се доставени на одобрување до РКЕ;
    - склучен е договор за изведба на реконструкција и адаптација на фасада за чија реализација се констатирани повеќе недостатоци и пропусти меѓу кои и извршени се редовни работи и вишоци во износ од 87.879 илјада денари кои преставуваат предмет на судска

постапка, дополнителни работи во износ од 1.200 илјади денари кои не се регулирани со анекс договор, непредвидени работи во износ од 13.111 илјади денари кои не се уредени со договор, а според информациите од надзорот за завршување на наведените работи потребни се уште 27.558 илјади денари и не е извршено осигурување на објектот;

- реализацијата на склучените договори за заеми од меѓународни кредитори не се извршува согласно утврдените рокови при што за ненавремено повлечените средства на име провизија платени се средства во износ од 693.993 евра;
- исплатени средства на име регрес за годишен одмор над законски утврденото право во износ од 5.143 илјади денари;
- извршени се трошоци на име репрезентација на членовите на Управниот одбор во износ од 1.858 илјади денари за кои не се приложени докази за одобрување на истите.

Со цел подобрување на состојбите ревизијата даде препораки за преземање мерки и активности за надминување на утврдените состојби и обезбедување на соодветно постапување во работењето на АД МЕПСО.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата смета дека е потребно да ги обелодени состојбите кои може да имаат влијание на работењето на субјектот во иднина, а тоа се:

- начинот на уредување на меѓусебните права и обврски меѓу Друштвото и синдикалната организација и финансирањето на активностите на синдикатот;
- утврдените права на вработените во колективниот договор на ниво на работодавач;
- градење на објекти кои не се во дејноста на Друштвото и нивно давање на други правни лица како донација;
- судски постапки во износ од 743.548 илјади денари во кои Друштвото е тужител и постапки во износ од 2.303.535 илјади денари во кои Друштвото е тужена страна, и
- преземени судски постапки од страна на Друштвото и други друштва кои се во државна сопственост во кои Владата на Република Македонија ги врши правата и обврските на Собрание на друштвото, без притоа да се бара соодветно постапување од Владата на Република Македонија во насока на избегнување на трошоците на име надомест на адвокатски услуги, судски такси, вештачења итн.

На ден 22.12.2017 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на АД МЕПСО, Скопје бр. 15–114/5 од 21.11.2017 година, од следниве лица:

- Синиша Спасов – генерален директор и законски застапник на АД МЕПСО во периодот предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-114/10 од 20.12.2017 година;
- Ненад Јовановски – генерален директор и законски застапник на АД МЕПСО во периодот предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-114/12 од 22.12.2017 година
- Сашо Т. Василевски - член на Управниот одбор на Друштвото и директор за финансиски работи во периодот предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-114/13 од 22.12.2017 година;
- Катерина Глигорова - член на Управниот одбор на Друштвото и директор за ИТ и ТК во периодот предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-114/11 од 22.12.2017 година;

Согласно одредбите на член 30 став 2 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ број 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16), право на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор имаат законскиот застапник на субјектот предмет на ревизија и лицето одговорно на субјектот во периодот за кој се врши ревизијата.
Две од доставените забелешки не се доставени од претходно наведените лица, но во насока на овозможување на правата и правните интереси на подносителот на забелешките кои не се на штета на јавниот интерес, како и заради обезбедување транспарентност на ревизијата, овластениот државен ревизор изврши нивно разгледување и по сите доставени забелешки се произнесе како што е наведено во одговорот на забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 52 до 55 заедно со ревизија на усогласеност на Оператор на електропреносниот систем на Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех, Извештај за промени во главнината/капиталот и Извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2017 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија, и издаден е извештај за Системот на интерни контроли – СИК на АД МЕПСО во 2013 година за одредени процеси и за истите дадени се соодветни заклучоци содржани во Конечниот извештај за оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- м-р Синиша Спасов – Претседател на Управен одбор / Генерален директор од 25.10.2012 година до 06.10.2016 година, и
- Ненад Јовановски - Претседател на Управен одбор / Генерален директор од 18.10.2016 година до 07.09.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и

воспоставени политики.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и процената на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.03. до 28.07.2017 година кај АД МЕПСО од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на преземаните мерки по дадените препораки од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во текот на 2015 година и издаден е преглед за резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор, од кој може да се констатира од вкупно 6 дадени препораки 4 препораки се спроведени а за две препораки активностите се во тек.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството на субјектот - предмет на ревизија на ден 05.10.2017 година.
На ден 22.12.2017 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на АД МЕПСО, Скопје бр. 15–114/5 од 21.11.2017 година, од следниве лица:

- Синиша Спасов – генерален директор и законски застапник на АД МЕПСО во периодот предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-114/10 од 20.12.2017 година;
- Ненад Јовановски – генерален директор и законски застапник на АД МЕПСО во периодот предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-114/12 од 22.12.2017 година
- Сашо Т. Василевски - член на Управниот одбор на Друштвото и директор за финансиски работи во периодот предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-114/13 од 22.12.2017 година;
- Катерина Глигорова - член на Управниот одбор на Друштвото и директор за ИТ и ТК во периодот предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-114/11 од 22.12.2017 година;

Согласно одредбите на член 30 став 2 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" број 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16), право на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор имаат законскиот застапник на субјектот предмет на ревизија и лицето одговорно на субјектот во периодот за кој се врши ревизијата.
Две од доставените забелешки не се доставени од претходно наведените лица, но во насока на овозможување на правата и правните интереси на подносителот на забелешките кои не се на штета на јавниот интерес, како и заради обезбедување транспарентност на ревизијата, овластениот државен ревизор изврши нивно разгледување и по сите доставени забелешки се произнесе како што е наведено во одговорот на забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Констатирани се следните состојби:

4.1. **Внатрешни контроли**

4.1.1. Во рамките на ИТ системот на АД МЕПСО функционираат повеќе меѓусебно зависни системи кои се во функција на дејноста која ја извршува Друштвото. Со извршената ревизија на интерните акти, воспоставениот информациски систем, пропишаната организациона структура и системот на внатрешни контроли кои ги применува Друштвото ги констатиравме следните состојби:

- **Развој и безбедност на ИТ системот**
  - Друштвото нема стратешки план за развој на ИТ системот како ни акциски план по кој би се движел развојот и функционирањето на севкупниот ИТ систем како една целина составена од повеќе меѓусебно зависни системи. Отсуството на Стратешки план за развој на информацискиот систем и Планот за обезбедување на континуитет во работата како и планот за поврат по катастрофа, преставува ризик дека управувањето со ИТ ресурсите нема да биде во насока со приоритетите за развој на Друштвото, идентификување на ИТ можностите, капацитетите и човечките ресурси, како и ризик од неможност за воспоставување на целосен поврат на системот во случај на катастрофа;
  - не постои политика за правење на резервна копија на податоците од ИТ системите, освен план за резервна копија за БИС системот. За одредени системи се прави резервна копија која се чува на единствена локација, додека за голем број системи надворешна копија не се чува, што создава ризик од губење на податоци во случај на хаварија;
  - не е донесена проценка на ризици од хаварија и обезбедување на соодветен континуитет на работа на најнеопходните системи;
  - во Друштвото нема целосен план за поврат од хаварија, нема документиран приказ на меѓусебно зависните ИТ процеси и нивен поврат, нема приоритетна листа за поврат на работа на системските софтвери и апликациите, нема RPO (Recovery point objective) и RTO (Recovery time objective) за секој процес и апликација. Времето на поврат како и временската точка од која ќе сеповратат податоците е многу важно во сложен систем кој е од примарно значење за нормално функционирање на државата;
  - освен за системот на ИТ и ТК не се пропишани и одобрени политики и процедури за пристап до останатите ИТ системи на Друштвото и ваквата ситуација доведува до ризик од пристап на неовластени лица, нестручно ракување со истите како и неизвршување на работните задачи во одредени ситуации;

- нема предвидени и не се преземени активности за примена на меѓународните стандарди и најдобри пракси за одржување и заштита на сервер сали (контрола на физички и логички пристап, евиденција за пристапот, редовно правење и тестирање на безбедносната копија во која ќе бидат вклучени сите неопходни ресурси, приоритетен редослед на поврат на системите, ажурирана листа со лозинки и лица кои тоа ќе го направат).

- **Организација, пристап до ресурси, водење евиденција и следење на ИТ развојот**
  - не се пропишани и одобрени политики и процедури за користење и пристап до ресурсите во информацискиот систем и управување и одржување на системите, нема пропишани документи за постапување за различни активности, што создава ризик од преземање на не стандардизирани активности на ниво на сектор;
  - Друштвото нема единствена листа на системски и апликативен софтвер со кој располага, како ни единствена листа на лиценци со количини и рок на важење на истите и локација во кој систем истите се користат;
  - не постои органограм/листа кој ќе ги прикаже сите системи и апликации во Друштвото и нивната меѓусебна поврзаност и зависност.
  - постојат различни ИТ системи кои се набавени и имплементирани во Друштвото и во нивното управување и одржување не е регулирано учеството на вработените од Секторот за ИТ и ТК;
  - во Друштвото не постојат пропишани начини на набавка и управување со информатичката опрема, нејзино примопредавање и понатамошно одржување;
  - нема разграничени улоги за пристапот до ресурсите во ИТ системот: „database, firewall“, апликациски, комуникациски, мрежни и „back up“ администратори;
  - постојат најмалку 7 локации кои се со системска опрема и имаат улога на сервер сали, од кои само во 2 постои климатизација која е на нивото потребно за сервер сала и воедно не е уреден начинот и евиденцијата на пристап. Сите се наоѓаат во објект кој е во фаза на реконструкција, се напојуваат со електрична енергија од локација за што не е добиена енергетска согласност.

- **Користење на апликации за архивско работење и водење на трговските книги**
  - Друштвото користи апликативни софтвери од постара генерација каде не се води историја кога и од кого се внесени податоците, со што се создава ризик од контрола на точноста и целосноста на внесените податоци по корисници;

- нема воспоставено пракса за скенирање на документите како облик за полесен пристап до истите, брза комуникација, заштеда на ресурси како и надминување на можноста за губење на документи. Архивата има воведен систем за дигитална евиденција на документите меѓутоа постои ризик дека не сите документи доставени до Друштвото се во системот;
- ревизијата констатираше недоволна меѓу секторска соработка и комуникација како и недефиниран начин на чување на одредени документи особено кога се работи за нивната комплетност. Самиот факт што во Друштвото постои имплементиран и функционален документ менаџмент систем, неговото некористење дополнително ја отежнува целата комуникација и лесниот пристап и увид во документите кои се во оптек во Друштвото.

Констатираните состојби не се во согласност со меѓународните стандарди за ИТ безбедност и најдобри пракси од оваа област, Законот за трговските друштва во делот на начинот на водење на трговските книги како и „Информацијата за ИТ стандарди во државните институции“ од 14.10.2011 година која има за цел зголемување на безбедноста и сигурноста на ИКТ системите, користење на мерки и процедури за заштита и развој на ИТ системите во државните институции, како и препораки за физичка сигурност/безбедност на капацитети за процесирање на податоци, процедура за управување со резервни копии на податоци (back up), процедура за управување со промени на информациски системи, процедура за управување со сигурносни инциденти, и политика за употреба и сигурност на лозинки.

**Препораки**

Надлежниот орган за управување со Друштвото да преземе активности за:

- донесување на стратешки план за развој на ИТ системот како и акциски план по кој би се движел развојот и функционирањето на севкупниот ИТ систем како една целина составена од повеќе меѓусебно зависни системи;
- пропишување на процедури за одржување и поврат на сите неопходни уреди во сервер салите, сите апликации и системски софтвери, сите податоци кои се чуваат на централизирани локации како и детален план за поврат по хаварија;
- дефинирање на пристапот до сите ресурси во ИТ системот, нивно редовно следење, ажурирање и тестирање, како и подигнување на нивото на меѓу секторската соработка со воведување на лесен начин на следење на текот на документите;
- изготвување на листа на системски и апликативен софтвер со кој располага Друштвото и листа на лиценци со количини и рок на важење на истите и локација во кој систем истите се користат;

- стручна анализа на потребата од повеќе сервер сали со цел нивниот број да се сведе на оптимален број и да се преземат сите потребни активности за одржување и пристап до сервер сала;
- воспоставување на модерен сметководствен систем каде целосно ќе може да се одговори на потребите од работењето, како и воспоставување и користење на систем за управување со документи каде документите од работењето ќе бидат во дигитална форма и ќе бидат во насока на поддршка и олеснување на процесот на работа.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Со одредбите на член 360 од Законот за трговски друштва е уредено дека за состаноците на Управниот/Надзорниот одбор и комисиите без разлика на кој начин се одржани потребно е да се подготви записник во рок од три дена од денот на одржувањето на состанокот. На ревизијата и се презентирани записници од состаноците на Управниот одбор за што констатиравме дека 34 Записници од одржаните состаноци не се потпишани од членовите на одборот. Со извршениот увид во Записникот од 81[от] состанок на Надзорниот одбор одржан на ден 13.04.2016 година, Надзорниот одбор донесува Одлука со која го задолжуваат Управниот одбор на АД МЕПСО да донесе одлука за формирање на комисија која ќе има за обврска меѓу другото да изврши увид во сите записници кои не се потпишани, да ја констатира причината за нивното непотпишување, да предложи мерки за подобрување и изготви извештај и истиот да го достави до Надзорниот одбор. До денот на извршување на ревизијата, на ревизијата не и се презентирани податоци кои ќе упатуваат дека наведената состојба е надмината. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва и Статутот на АД МЕПСО и влијае на законитоста и начинот на работење на органите на управување и надзор во Друштвото.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и надзор во согласност со своите овластувања да преземат мерки и активности за навремено изготвување, потпишување и архивирање на записниците од одржаните состаноци.

4.2.2. Систематизацијата на работните места во АД МЕПСО, со определување на работните места, бројот на извршителите за секое работно место, називот на работните места, посебните услови потребни за извршување на работите, описот на работите и задачите за секое работно место и распоредот на работните места по организациони единици се утврдени со Правилникот за систематизација на работните места донесен од страна на Управниот одбор во текот на 2013 година.

Со извршената ревизија на наведениот акт ревизијата утврди повеќе состојби и тоа како што следува:

- од денот на донесувањето на наведениот акт заклучно со 2015 година донесени се 14 Одлуки за измени и дополнувања на наведениот акт и 2 Одлуки за зголемување на бројот на извршители. На 19.12.2015 година Управниот одбор донесува пречистен текст на наведениот Правилник. По утврдувањето на пречистениот текст во текот на 2016 година донесени се повторно две Одлуки за изменување и дополнување на наведениот Правилник и една Одлука за зголемување на бројот на извршители. На ревизијата и е презентирана нацрт верзија на Правилникот за систематизација, но истиот не е усвоен од Управниот одбор. Утврдената состојба упатува дека заклучно со денот на известување на извршената ревизија отсуствува пречистен текст на Правилникот за систематизација и влијае на начинот на неговото имплементирање во пракса;
- кај поголем дел од работните места не се прецизирани условите за работа односно стручната подготовка како и работното искуство за определена работна позиција што вработените треба да ја исполнуваат во одредена област;
- во Подружница ОПМ, одделение за одржување на коридори, работното место “Општ работник 1” кое е систематизирано со 6 извршители, пополнето е со 8 извршители;
- во Подружница ОПМ, ДВ екипа Битола, за работното место “електромонтер 3” кое е систематизирано со 4 извршители пополнето е со 5 извршители;
- во текот на 2015 година од страна на Управниот одбор донесена е Одлука за изменување и дополнување на Правилникот на систематизација на работните места со која меѓу другото се врши и укинување на Службата за мерење на ЕЕ, и воедно се врши укинување и на работните места на вработените кои биле распоредени во наведената служба. Наведената состојба предизвикува на 9 вработени кои и понатаму извршуваат одредени работни задачи да не им биде даден акт за нивно распоредување на соодветно работно место;
- воспоставена е пракса актите за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места како и пречистениот текст на наведениот правилник донесен во 2015 година да бидат пропратени со архивски броеви на денот на одржување на Управниот одбор а нивната авторизација да се врши со задоцнување од повеќе месеци.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за работни односи, Законот за архивски материјал, Статутот на АД МЕПСО, Правилникот за систематизација на работните места и Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документираниот материјал во канцелариското и архивското работење, и предизвикува потешкотии и несоодветно постапување во примената на Правилникот за систематизација на работните места.

**Препорака**

Управниот одбор да преземе активности за преиспитување на Правилникот за систематизација на работните места, изврши изменување и дополнување на истиот во насока на надминување на утврдените состојби и донесе Пречистен текст на истиот.

Генералниот директор на АД МЕПСО да пристапи кон склучување на соодветен акт (договор) со вработените кои не се распоредени на соодветно работно место, со што би се уредиле меѓусебните права и обврски од работниот однос.

4.2.3. Во трговските книги на Друштвото на име градежни објекти, постројки и опрема и земјиште евидентирана е почетна состојба на нивната набавна вредност во износ од 14.068.174 илјади денари. Со извршената ревизија во деловните книги и документацијата која се однесува на градежните објекти и земјиштето со кои располага АД МЕПСО, ги констатиравме следниве состојби:

- со Законот за преобразба на АД ЕСМ[1] во 2005 година формирани се АД ЕСМ (ЕВН Македонија еден од правните следбеници на ЕСМ) и АД МЕПСО. Изготвен е план за поделба со кој се дефинирани средствата кои припаѓаат на поединечните друштва и средствата кои се во заедничка сопственост. Иако со член 5-а од горенаведениот закон предвидено е АКН по службена должност да изврши евидентирање на средствата во катастарската евиденција (земјиште и недвижности) до денот на ревизијата истото не е направено. Со воведувањето на Катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности[2] во 2013 година, АКН на име ЕВН Македонија извршила запишување во катастарска евиденција трафостаници иако истите согласно планот за поделба се во заедничка сопственост со АД МЕПСО, прифаќајќи го како основ Законот за преобразба на АД ЕСМ и неговите измени. Од друга страна, АКН го одбила барањето доставено од АД МЕПСО за запишување на правото на сопственост на инфраструктурни објекти по истиот основ. Наведеното укажува на селективно постапување на АКН и влијае на остварување на правото на сопственост на АД МЕПСО, дотолку повеќе што врз основа на евидентираните трафостаници чија набавна вредност изнесува 571.308 илјади денари (Прилог број 1) засновано е заложно право хипотека во износ од 77.000.000 евра што дополнително го отежнува остварувањето на право на сопственост и влијае врз остварувањето на дејноста на АД МЕПСО;
- во 2011 година отпочнати се постапки за утврдување на правен статус на дел од линиските инфраструктурни објекти со цел нивно евидентирање во катастарот на недвижности. Од увидот во доставената документација констатиравме дека овие постапки се прекинати со заклучок на надлежен

[1] Закон за преобразба на Електростопанство на Македонија, АД за производство пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост (Службен весник на РМ 19/04 и 109/05)

[2] Закон за катастар на недвижности (Службен весник на РМ 55/13)

орган бидејќи дел од потребните документи не се обезбедени поради нерешени имотно-правни односи за земјиштето на кое се поставени, како и неможност да се утврди основот за стекнување на право на сопственост. Поради карактеристиките на инфраструктурните објекти, должината на подрачјето на кое се протегаат и комплексноста на законската регулатива постои ризик утврдувањето на правниот статус на објектите да се пролонгира на долг временски период.

Поради горенаведените состојби АД МЕПСО нема обезбедено имотни листови за 95 недвижни ствари со вкупна набавна вредност од 3.624.968 илјади денари (Прилог број 2), што не е во согласност со одредбите на Планот за поделба на АД Електростопанство на Македонија во државна сопственост Скопје, Законот за градење, Законот за преобразба на АД ЕСМ, Законот за катастар на недвижности и Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост и стварите во општинска сопственост. Со член 65 од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост и стварите во општинска сопственост, предвидено е недвижните ствари што ги користи субјектот за кои не може да се утврди основот за стекнување на правото на сопственост, да се запишат во Катастарот на недвижности, врз основа на одлука на Владата на Република Македонија. Наведените состојби предизвикуваат неможност од потврдување на правото на сопственост и ризик од отуѓување на средствата над кои е воспоставена хипотека.

До моментот на вршење на ревизијата АД МЕПСО има отпочнато постапка по овој основ само за еден линиски инфраструктурен објект, иако во повеќе наврати ја известувал Владата на Република Македонија за состојбата со недвижностите кои не се евидентирани во катарската евиденција.

На ревизијата и беа презентирани докази дека се отпочнати постапки за запишување на сите линиски инфраструктурни објекти во евидентни листови.

**Препорака**

Надлежниот орган за управување во АД МЕПСО да изготви информација до Владата на Република Македонија со цел отпочнување на постапка за запишување во Катастарот на недвижности на сите недвижни ствари за кои не може да се утврди основот за стекнување на правото на сопственост.

Надлежниот орган за управување со АД МЕПСО во рамките на своите надлежности да формира работна група во делот на разграничување на сопственоста на средствата за кои незаконски е запишано право на сопственост на друг правен субјект, да ја извести Владата на Република Македонија и да предложи мерки за надминување на утврдените состојби.

4.2.4. Формирањето, организацијата и начинот на извршување на внатрешната ревизија се уредени со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за трговските друштва. Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот да му обезбеди независно разумно објективно

уверување и совет за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола.

Со извршената ревизија на презентираната документација од страна на вработените во Службата за внатрешна ревизија и направениот увид во истата, констатирани се следниве состојби:

- во одредбите во Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, уредено е минималниот број на вработени во Единица за внатрешна ревизија да не биде помал од 4 внатрешни ревизори и раководител на Единицата, доколку просечниот буџет во последните три години изнесувал најмалку 2 милијарди денари. Согласно актите за организација и систематизација на АД МЕПСО, Единицата за внатрешна ревизија е основана како Служба за внатрешна ревизија во која покрај раководител на Службата се систематизирани уште 4 работни места од кои (во 2016 година) пополнети се 2 работни места и тоа: Раководител на Служба за внатрешна ревизија и внатрешен ревизор на обука. Ваквата состојба не е во согласност со член 31 став 1 алинеја 3 од погоре наведениот Закон;
- Службата за внатрешна ревизија има изготвено годишен план за извршување на внатрешна ревизија за 2016 година, но нема акт за одобрување на истиот од страна на Надзорниот одбор, што не е во согласност со член 415–б од Законот за трговски друштва;
- за своето работење, Службата за внатрешна ревизија нема изработено и доставено полугодишен извештај до органот на надзор и до органот на управување, што не е во согласност со член 415-в став 1 од Закон за трговски друштва;
- врз основа на Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2016 година, констатиравме дека се планирани три ревизии од кои:
    - извршена е ревизија на постапките за доделување на договори за јавна набавка и тоа пред донесување на Одлука за јавна набавка, пред објава на оглас на ЕСЈН и пред донесување на Одлука за доделување на договор или Одлука за поништување на постапка, како и Ревизија на законитоста, регуларноста, ефикасноста и ефективноста на работењето на Комисијата во вршење на контрола кај примателите на донацијата за законско и наменско користење на исплатените средства од АД МЕПСО во вид на донации (по барање на генералниот директор), за која не е направена измена и дополнување на годишниот план за извршување на внатрешната ревизија за 2016 година;
    - воспоставена е пракса, Службата за внатрешна ревизија да врши ex-ante контрола на постапките за јавни набавки. Ваквиот начин на работење не е во согласност со одредбите од член 33 став 4 од ЗЈВФК, според кои Раководителот на единицата за внатрешна ревизија и внатрешните ревизори не треба да извршуваат задачи на финансиско управување и контрола и други задачи во субјектот што не

произлегуваат од функцијата на внатрешната ревизија и член 415-а став 5 од Законот за трговски друштва;
- не се извршени планираните ревизии кои се однесуваат на Ревизија за ефикасност и ефективност на системот за финансиско управување и контрола и Follow up на ревизијата за ефикасност и ефективност на системот за финансиско управување и контрола.

Погоре наведените состојби се предизвикани поради недоволни човечки ресурси и не се во согласност со одредбите од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола и Закон за трговски друштва и предизвикува нецелосно остварување на целите за кои што е формирана Единицата за внатрешна ревизија.

## Препорака

Органот за надзор на Друштвото да преземе активности со кои ќе обезбеди човечки ресурси за непречено извршување на работите на внатрешната ревизија.

Раководителот на службата за внатрешна ревизија да обезбеди:
- соодветно планирање на активностите на внатрешната ревизија;
- одобрување на Годишниот План за внатрешна ревизија од страна на Надзорниот одбор;
- навремено изготвување на полугодишните извештаи за својата работа и нивно доставување до Управниот и Надзорниот одбор;
- извршување на задачи кои се во исклучителна надлежност на Единицата за внатрешна ревизија.

4.3. **Финансиски извештаи**

4.3.1. Во ноември 2016 година Управниот одбор на АД МЕПСО донел Одлука за вршење на годишен попис на средствата, обврските и побарувањата со состојба на ден 31.12.2016 година за што формирани се Централна пописна комисија и поединечни пописни комисии. По завршување на пописот, издаден е Извештај за извршен редовен попис за 2016 година, кој со Одлука е усвоен од страна на Управниот одбор на ден 12 февруари 2017 година.

По спроведениот увид во пописниот елаборат од извршениот попис ревизијата ја утврди следната состојба:
- не е извршен попис и усогласување на следниве средства со кои располага АД МЕПСО:
  - салда на трансакциските сметки во деловните банки;
  - салда на безготовински кредитни картички;
  - нематеријалните средства и
  - градежно земјиште на кое не се изградени објекти.

  Утврдената состојба не е во согласност со член 4 од Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот;

- во пописните листи не се внесени податоци со кои целосно ќе се утврди фактичката состојба на градежните објекти (вредност, квадратура, обезбеден имотен лист итн.) што не е во согласност со член 7 став 1 и 2 од Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот;
- комисиите за попис имале пристап до сметководствените податоци за количините на материјални средства кои биле предмет на физички попис уште пред да започне утврдувањето на фактичката состојба што не е во согласност со член 10 став 3 од Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот;
- по извршениот физички попис, во пописните листи не се внесени податоци за сметководствена и материјална состојба на средствата, а на ревизијата не и беше приложен доказ дека пописните комисии преземале активности за утврдување на вредносни разлики помеѓу сметководствена и фактичка состојба на попишани средства и обврски. Кон пописниот елаборат приложени се само табели со предлози за расход како и табели за утврден кусок. Утврдената состојба не е во согласност со член 11 од Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот;
- во извештајот од извршениот попис наведено е дека помеѓу другото предмет на физички попис биле готовина во денарска и девизна благајна како и побарувањата и обврските, но од извршениот увид констатиравме дека кон пописниот елаборат не се приложени пописни листи со кои ќе се докаже пребројувањето на паричните апоени и пописни листи кои содржат информации и анализи за старосната структура на побарувањата и обврските. Утврдената состојба не е во согласност со член 11 од Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот;
- согласно одлуката за усвојување на пописот, меѓу другото прифатен е предлог на пописната комисија за расходување на основни средства со набавна вредност од 31.126 илјади денари и отпишана вредност од 30.500 илјади денари кои поради нивната дотраеност, оштетеност неупотребливост или технолошка застареност повеќе не се користат од страна на АД МЕПСО. До моментот на вршење на ревизијата не се преземени активности за отуѓување на средствата предложени за расход (продажба, размена или транспортирање на отпад), а истите се отпишани од сметководствената евиденција. Оваа состојба не е во согласност со МСС 16 од Правилникот за водење сметководство согласно кој, отпишување на основни средства од сметководствената евиденција е

можно во случај на нивно отуѓување или пак кога нема очекувани идни користи од нивна употреба или отуѓување.

Утврдените состојби имаат влијание на реално и објективно искажување на податоците во Финансискиот извештај - Биланс на состојба на ден 31 декември и на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

**Препорака**

Одговорните лица номинирани за вршење попис на средствата и изворите на средствата во АД МЕПСО и одговорниот сметководител во делот на своите надлежности да ги преземат следниве активности:

- спроведување на попис на целокупните средства, побарувања и обврски во кој ќе бидат вклучени и салда на трансакциските сметки во деловни банки; салда на безготовински картички; нематеријалните средства и градежното земјиште на кое не се изградени објекти;
- опис на состојбата на градежните објекти во пописните листи;
- на пописните комисии да им се оневозможи пристап до сметководствени податоци за количините и вредноста на средствата и обврските кои се предмет на пописот пред запишувањето на фактичката состојба во пописните листи;
- внесување на сметководствена и материјална вредност на средствата како податок во пописните листи по утврдена фактичка состојба, како и преземање активности за утврдување на вредносни разлики помеѓу сметководствена евиденција и фактичка состојба;
- изготвување на пописни листи со кои ќе се докаже пребројувањето на паричните апоени и пописни листи кои содржат информации и анализи за старосната структура на побарувањата и обврските;
- при постапувањето со основните средства кои се предмет на расходување да се преземаат активности согласно одредбите од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост и во општинска сопственост, а доколку се донесе одлука непотребните ствари да се транспортираат на отпад, потребно е да се преземат активности за обезбедување на согласност од страна на Владата на Република Македонија за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад, а доколку се утврди дека дел од стварите може да се продадат или да се преотстапат на користење на други државни органи да се спроведе постапка предвидена со законот;
- основните средства предвидени за расход, независно што немаат употребна вредност, треба да останат во сметководствената евиденција, се до нивно физичко отстранување.

4.3.2. Во материјалната евиденција на Друштвото на сметката градежни објекти евидентирани се две одделни материјални средства (стара и нова зграда) кои се однесуваат на објектот во кој е сместена дирекцијата на Друштвото во Скопје, со вкупна вредност од 396.206 илјади денари. Со извршената ревизија за потврдување на реалноста и објективноста на искажаните градежни објекти и извршениот увид во трговските книги и расположливата документација, ги утврдивме следните состојби:

- презентирани се имотни листови издадени во 2013 година според кои Друштвото е носител на правото на сопственост на недвижен имот[3] од 4.962 м$^2$ наследен од ЕСМ[4] со евидентирана вредност во трговските книги од 100.237 илјади денари и на недвижен имот[5] од 2.750 м$^2$ купен со Договор за купопродажба на недвижен имот од 31.12.2012 година со вредност од 295.969 илјади денари;
- во август 2011 година, согласно одредбите од Законот за сопственост и други права и Законот за облигационите односи во кои е утврдено право на првенство на купување на сосопственикот на недвижниот имот, од страна на сосопственикот на имотот до АД МЕПСО доставена е Понуда за купување 45/119 идеален дел од недвижниот имот заведен во Имотен лист бр.44621, во кој што е наведено дека АД МЕПСО е сосопственик на 74/119 идеален дел од истиот. При тоа за понудениот недвижен имот - деловен простор, кој се наоѓа во истата зграда (влез 1) со површина од вкупно 2.178 м$^2$ понудена е купопродажна цена од 3.700.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ на денот на плаќањето. Управниот одбор на Друштвото едногласно донел Одлука за неприфаќање на доставената Понуда со образложение дека АД МЕПСО во своите планови (ГИП, План за јавни набавки и Финансиски план) за 2011 година нема обезбедено финансиски средства за купување на наведениот недвижен имот;
- во септември 2012 година, направено е дополнување на ГИП за 2012 со нова позиција "Средства за обезбедување на ефикасен административен простор на АД МЕПСО" со вредност од 2.500.000 евра, со напомена дека исто толку финансиски средства ќе бидат предвидени и во ГИП за 2013 година. Во ноември истата година Управниот одбор донел Одлука за спроведување постапка за набавка на административен деловен простор, врз основа на доставениот предлог на комисијата задолжена за оценка на потребата од набавка на дополнителен административен простор. По спроведената постапка и објавен јавен повик во декември 2012 година, на 31.12.2012 година со единствениот понудувач склучен е Договор за купопродажба на недвижен имот деловен простор, гаража и помошни

[3] Имотен лист бр. 44621 за 4.034 м$^2$ деловен простор и 928 м$^2$ гаража и помошни простории
[4] Согласно План за поделба и Решение за отстапување на основно средство од ЕСМ од 25.02.2004 година
[5] Имотен лист бр.100421 за 2.132 м$^2$ деловен простор и 572 м$^2$ гаража и помошни простории

простории на истата локација со вкупна површина од 2.750 м$^2$ и вкупна купопродажна цена од 4.812.500 евра;
- со склучување на Договорот за купопродажба на недвижен имот, АД МЕПСО станува сопственик на дополнителни 2.225 м$^2$ деловен простор во истата зграда (влез 1) и 525 м$^2$ гаражи и помошни простории. При тоа во имотниот лист е прибележано дека 572 м$^2$(47 м$^2$ деловен простор и 525 м$^2$ гаража и помошни простории) добиле статус на изградени објекти согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти, врз основа на Урбанистичка согласност од октомври 2012 година и Решение за легализација од декември 2012 година. Согласно склучениот договор, за легализираните дивоградби (гаража и помошни простории) платена е истата цена од 1.750 евра по метар квадратен како и за регуларниот деловниот простор односно вкупно 1.001.000 евра, а дополнително на тоа во тендерската документација за реконструкцијата на фасадата на зградата од 2013 година, е предвидено рушење на дел од истите;
- врз основа на донесена Одлука од Управниот одбор на Друштвото со која се одобрува склучување на договор за купопродажба на понудениот простор, на лице вработено во Друштвото, дадено му е полномошно (посебно овластување) во име и за сметка на АД МЕПСО да презема дејствија на потпишување, склучување и нотарска заверка на Договорот за купопродажба, при тоа повикувајќи се на одредбите од Законот за трговски друштва во делот на полномошник по вработување и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола во делот на давање посебно овластување. Ревизијата истакнува дека полномошното е дадено на лице машински инженер, вработено на работно место Раководител на Службата за општи работи во рамки на СПОР, за кое согласно интерните акти на Друштвото не се дадени надлежности за извршување правни работи и како таков не може да биде полномошник по вработување како што е тоа предвидено со член 67 од Законот за трговски друштва;
- во февруари 2013 година од страна на Надзорниот одбор на Друштвото усвоен е Извештајот на Управниот одбор за спроведената постапка за набавка на дополнителен административен деловен простор на АД МЕПСО и е одобрено целокупното работење на Управниот одбор во постапката. Друштвото го доставило Извештајот од спроведената постапка и до Владата на Република Македонија, која го разгледала Извештајот "како материјал за информирање, без заклучокот содржан во него".

Како причини поради кои АД МЕПСО не ја прифатил понудата од првичниот сосопственик на наведениот недвижен имот од страна на претставник на друштвото се наведуваат нивото на парични средства со кои располагало друштвото во 2011 година, непокриената акумулирана загуба од претходни години, донесените акти од надлежните органи за уплата на дел од добивката

на Друштвото во Буџетот на Република Македонија и намалената солвентност на Друштвото.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на член 67 од Законот за трговски друштва, Законот за облигационите односи и Статутот на Друштвото во делот на застапување на Друштвото и создаваат ризици за несоодветно искористување на средствата.

4.3.3. Во трговските книги на Друштвото во рамките на позицијата Нематеријални средства искажана е почетна состојба од 54.242 илјади денари. Со извршената ревизија за потврдување на реалноста и објективноста на искажаните средства и направениот увид во трговските книги и придружните документи кои се однесуваат на набавката, имплементацијата, користењето на софтверските апликации и нивното евидентирање во трговските книги, ги утврдивме следните состојби:

- во мај 2012 година, во рамките на реализација на проект финансиран од Светска банка[6], Друштвото има склучено Договор за имплементација на компјутеризиран деловен информациски систем (БИС) со вкупна вредност од 37.813 илјади денари, кој во себе вклучува набавка на хардверска опрема и лиценци за повеќе апликации: Деловен информациски систем-BIS[7], Систем за управување со човечки ресурси-HRMS[8] и Документ менаџмент систем-EDMS[9], и како таков било замислено Друштвото да добие целосен интегриран информациски систем кој ќе ги поврзе сите модули во една целина. Истата година се инсталирани опремата и софтверски апликации и во текот на наредните три години (2013, 2014 и 2015 година) вработените во Секторот за финансиски работи со различен интензитет, паралелено работеле на новиот и стариот информациски систем. Во известувачкиот период системот не е оперативен и не се користи, освен во делот на пресметка на плати и делумно во делот на електронска архива. При тоа, освен акт за формирање на работна група за реализација на Пакет 14 од февруари 2012 година, не е презентиран друг акт од органот на управување на Друштвото со кој се наложува официјален почеток на користење на системот, ниту за престанок на користење;
- иако со склучениот договор за имплементација на БИС не бил предвиден подизведувач на работите, имплементацијата на еден од модулите е вршена од фирма подизведувач, врз основа на склучен договор за деловна соработка помеѓу изведувачот и подизведувачот од 2012 година според кој подизведувачот е одговорен за инсталација и конфигурација на еден дел

---

[6] Пакет 14 – Набавка и имплементација на компјутеризиран деловен информациски систем (БИС) финансиран од заем од Светска Банка 4814 МК за Проект ECSEE APL 3
[7] BIS – Business Information System
[8] HRMS – Human Recourses Management System
[9] EDMS - Electronic Document Management System

од хардверската опрема и за изведба, инсталација, имплементација и кастомизација[10] на апликативниот софтвер BIS и HRMS, базиран на Microsoft Dynamic Nav софтверски производ. За ваквото пренесување на одговорноста за имплементација на БИС на подизведувач, од страна на изведувачот не е побарана ниту добиена писмена согласност од АД МЕПСО како инвеститор, што не е во согласност со склучениот договор;

- од страна на формираната работната група, задолжена за реализација на проектот записнички се прифатени планот за имплементација, програмата за тренинг и извештајот за инсталација на БИС, а по извршените тестирања и одржан тренинг на дел од модулите, исто така записнички се потврдени од страна на вработените. Во март 2014 година од страна на Проектниот менаџер и директор на Секторот за ИТ и ТК во АД МЕПСО потпишан е Operational Acceptance Certificate. Согласно условите во договорот и правилата на банката за имплементација на проектот, со овој акт се потврдува дека успешно се завршени тестовите за оперативност на системот, по што почнува да тече гаранцискиот период од 2 (две) години, во кој изведувачот е должен да обезбеди отстранување на пројавените недостатоци и целосна функционалност на системот. И покрај преземените активности од страна на секторот за финансиски работи за обезбедување соодветна поддршка од изведувачот и подизведувачот за време на гаранцискиот период, недостатоците не се целосно отстранети, а системот не е оперативен до денот на известување;
- по доставено известување од Секторот за финансиски работи до Управниот одбор на Друштвото во март 2016 година со кое изразува незадоволство од функционалноста на инсталираниот систем односно дека сметководствените извештаи од новиот систем не се точни и веродостојни, поради што за изготвување на годишната сметка и сите други извештаи како веродостојни се користат единствено податоците од стариот систем. Управниот одбор формирал работна група со задача да спроведе интерна постапка со цел да ја констатира усогласеноста на добиениот производ со оној што бил специфициран при набавката и да ја утврди функционалноста на истиот. По извршениот увид и одговорени прашалници од вработените во организационите единици кои треба да го користат БИС, а кој опфаќа повеќе модули (финансиско и материјално работење, основни средства, благајна, магацинско работење, човечки ресурси и плати), работната група констатирала дека модулите од БИС не се користат од страна на вработените, освен во делот на пресметка на плати и делумно во електронската архива. Како причина за констатираната состојба се истакнуваат одредени недостатоци и не направени прилагодувања на системот, како и потреба од дополнителна обука, а имајќи предвид дека гаранцискиот рок е истечен и изведувачот нема повеќе никаква обврска кон АД МЕПСО по однос на инсталираниот

[10] Прилагодување на софтвер за потребите на корисникот

систем, постои неопходност Друштвото да пристапи кон обезбедување техничка поддршка за користење на БИС, но до денот на известување од извршената ревизија не е започната постапка за обезбедување на бараната техничка поддршка;

- поради нефункционалност на БИС, Друштвото и понатаму користи систем за сметководствено и материјално работење од постара генерација, за кој нема можност за одржување и надградба и кој не е во состојба да ги поддржи сите потребни процеси во работењето, особено девизното и денарското работење, следењето на застареноста на побарувањата и обврските, материјалната евиденција како и генерирање соодветни анализи и извештаи. Системот што се користи не остава трага за тоа кога и од кого се внесени, променети или избришани податоците во системот, што создава ризик за точноста и целосноста на внесените податоци по корисници. Освен тоа во рамки на стариот систем не е воспоставена материјална евиденција за набавените лиценци и софтвер што Друштвото ги има набавено, поради што истите не се евидентирани како посебни средства во материјалната евиденција;
- со договорот предвидена е позиција за услуга Имплементација на систем и консултации[11], која во себе вклучува дизајн и конфигурација на систем, изградба и имплементација на систем и други слични услуги со вкупна вредност од 12.506 илјади денари, евидентирани на сметката Софтвер и останати права, без при тоа да се направи разграничување за кој софтвер/лиценца услугата се однесува, што предизвикува неможност од утврдување на кое основно средство да се припишат дополнителните вложувања.

Утврдените состојби не се во согласност со Законот за трговски друштва, Правилникот за водење на сметководството (МСФИ и МСС – 38 Нематеријални средства) и одредбите на склучениот договор и предизвикуваат несоодветно искористување на средствата и неправилно евидентирање во трговските книги.

**Препорака**

Органот на управување на Друштвото да преземе активности за:

- утврдување на фактичката состојба и можноста од користење на информацискиот систем;
- континуирано одржување и техничка поддршка на информацискиот систем и
- да ја утврди евентуалната одговорност на инволвираните лица.

[11] System Implementation and Consultancy

4.3.4. Во трговските книги на Друштвото во рамките на позицијата Материјални средства во подготовка на крајот на известувачкиот период искажана е состојба од 1.524.168 илјади денари, која се однесува на започнатите инвестициони активности на Друштвото. Активирањето на средствата и нивното ставање во употреба се врши врз основа на записници за коалудација, и намалувањето на вредноста по тој основ во 2016 година изнесува 644.033 илјади денари. Со извршената ревизија на расположливата документација во делот на евидентираните материјални средства во подготовка, нивното ставање во употреба и начинот и постапката на утврдување на вредноста на материјалните средства што се активираат, ревизијата ги утврди следните состојби:

- дел од евидентираните материјални средства во подготовка се однесуваат на средства кои се физички пуштени во употреба, но истите, поради ненавремено доставени коалудациски записници, не се соодветно сметководствено евидентирани, поради што не е пресметано ниту соодветно намалување на вредноста по основ на амортизација на истите;
- за дел од евидентираните средства кои се ставени во употреба, не е обезбедена комплетна и авторизирана документација (авторизирани и одобрени коалудациски записници), точни и прецизни податоци за износот на поединечните позиции на средства и резервни делови, од кои е составена инвестицијата, ниту одобрение за нејзино ставање во употреба;
- поради воспоставениот начин на водење на сметководствената евиденција, Друштвото нема целосни податоци за евидентираните инвестиции во тек за кои проекти се однесуваат и од кој период потекнуваат.

Наведеното упатува дека во трговските книги на друштвото се евидентираат средства без за тоа да бидат обезбедени веродостојни сметководствени документи, што не е во согласност со членот 472 од Законот за трговски друштва и влијае на реалноста и објективноста на искажаните средства во финансиските извештаи и квалитетот на информациите кои истите ги даваат.

**Препорака**

Органот на управување на Друштвото да преземе активности за задолжување на одговорните лица за обезбедување на целосна информација за инвестициите во тек на Друштвото и нивно соодветно усогласување и евидентирање во трговските книги.

## 4.4. **Користење на средствата согласно законски прописи**

4.4.1. Со увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2012, 2014, 2015 и 2016 година, врз основа на кои се преземени обврски во 2016 година, извршивме ревизија на 17 постапки за јавни набавки, со што опфативме 77% од преземените обврски кои подлежат на ЗЈН, односно износ од 321.636 илјади денари, при што го констатиравме следново:

- во седум постапки за јавна набавка со доделени договори во износ од 201.986 илјади денари, огласот во службено гласило на ЕУ е објавен подоцна од огласот во ЕСЈН, со што на економските оператори кои се информираат користејќи европски службени гласила им се остава помал рок за поднесување на понуда. Оваа состојба не е во согласност со член 2 од ЗЈН (Прилог број 3);
- во тендерските документации на дел од спроведените постапки со доделени договори во износ од 308.778 илјади денари, наведени се критериуми за докажување на економска и финансиска состојба и техничка и професионална способност кои не се предвидени со член 150 и член 153 став 2 од ЗЈН (Прилог број 4);
- преземени се обврски во износ од 2.691 илјада денари за набавка на стоки и услуги без да бидат спроведени постапки за доделување на договор за јавна набавка што не е во согласност со член 16 и 17 од ЗЈН (Прилог број 5);
- спроведена е постапка за набавка на услуги за одржување и поправка на постојните моторни возила со резервни делови по што се склучени рамковни спогодби за секој дел од набавката во вкупна вредност од 7.148 илјади денари. Со увид во содржината на рамковните спогодби констатиравме дека содржат одредба со која се овозможува набавка на стоки и услуги кои не се предвидени со техничката спецификација што не е во согласност со член 165 став 1 од ЗЈН (Прилог број 6).

Воспоставениот начин на постапување при спроведувањето на дел од постапките за јавни набавки создава ризик од несоодветна примена на одредбите од Законот за јавни набавки, фаворизирање на одредени економски оператори и несоодветно користење на средствата.

**Препорака**

Одговорните лица да ги задолжат вработените одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки и доделувањето на договорите за јавни набавки, континуирано да ги преземаат потребните активности за надминување на утврдените состојби и да обезбедат законско постапување во процесот на јавни набавки.

4.4.2. За набавка на осигурителни услуги за осигурување на имотот и вработените воспоставена е пракса на спроведување на постапки за период од три години, при што критериум за доделување на договорот е најниска цена постигната

на електронска аукција. Во текот на 2016 година по овој основ преземени се обврски во износ од 31.657 илјади денари врз основа на две спроведени постапки за јавни набавки.[12] По извршениот увид во спроведените постапки го констатиравме следново:

- договорите не се доделени во висина на постигнатата вредност по електронската аукција, туку истите се доделени во висина на проценетата вредност на постапките пред нивното отпочнување, односно доделени се договори на износ повисок за 102.088 илјади денари од износот постигнат на електронска аукција[13]. Оваа состојба не е во согласност со член 2 и член 165 од ЗЈН;
- склучен е анекс со кој се продолжува важноста на еден од договорите[14] се до негово вредносно исполнување, без да бидат исполнети условите за негово склучување предвидени во Законот за јавните набавки и истиот е потпишан од лице за кое не е презентирано соодветно овластување за потпишување. Оваа состојба не е во согласност со член 99 од ЗЈН и член 39 став 5 од Статутот на АД МЕПСО.

Наведените состојби овозможуваат преземање на обврски на повисок износ од постигнатата вредност на финансиска понуда по електронска аукција, несоодветно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка и ризик од исплата на надоместоци на штета поради склучен договор од страна на неовластено лице.

**Препорака**

Одговорните лица да ги преземат следниве активности:

- договорите за набавка на осигурителни услуги да се склучуваат со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна врз основа на техничка и финансиска понуда по спроведена електронска аукција, применувајќи го износот постигнат на електронската аукција;
- склучувањето на анекс на договорите да биде во согласност со условите предвидени во ЗЈН и истите да бидат потпишани од лица со соодветно овластување.

4.4.3. Согласно Законот за енергетика, АД МЕПСО е должен да обезбеди електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем

---

[12] Постапка бр.176/2012 по која е доделен договор бр.02-1188/3 од 15.04.2013 во вкупна вредност од 147.248 илјади денари и Постапка бр. 11/2016 по која е доделен договор бр. 02-6257/2 од 06.10.2016 во вкупна вредност од 145.491 илјада денари

[13] по спроведена постапка бр.176/2012 доделен е договор на износ повисок за 40.922 илјади денари од износот постигнат на електронска аукција, а по спроведена постапка бр.11/2016 доделен е договор на износ повисок за 61.166 илјади денари од износот постигнат на електронска аукција

[14] Анекс бр. 05-1910 од 18.03.2016 со кој се продолжува важноста на договор бр. 02-1188/3 од 15.04.2013 година склучен по спроведена постапка бр. 176/2012

во пазарни услови, на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин. Набавката на електрична енергија се врши согласно критериуми предвидени со акт кој го изготвува АД МЕПСО - "Правила за обезбедување на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем на РМ", кој се носи врз основа на Правилата за пазар на електрична енергија а го одобрува РКЕ. За реализација на набавката организиран е Јавен повик по кој се доделени договори за набавка на електрична енергија во вкупен износ од 6.443.911 евра (397.568 илјади денари). По извршениот увид во документацијата од спроведениот Јавен повик во текот на 2015 година како и спроведената анализа на правните прописи со кои се регулира набавката за 2016 година ги констатиравме следниве состојби:

- правилата и критериумите според кои е извршена набавката не се доставени на одобрување до РКЕ најмалку два месеци пред отпочнување на постапката, што не е во согласност со член 67 од Правилата за пазар на електрична енергија. Постапката е спроведена согласно Правила за обезбедување на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем кои биле изготвени и одобрени врз основа на Правила за пазар на електрична енергија што престанале да важат во месец февруари 2014 година[15];
- во делот "правна заштита" од Правилата за обезбедување на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем на Република Македонија, предвидено е дека секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за набавка по јавен повик може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија по пат на жалба доставена до Управниот одбор на АД МЕПСО во рок од 2 (два) календарски дена од денот на приемот на известувањето за избор на најповолен понудувач. Предвидениот начин на постапување на странките не им овозможува изразување на жалби во законски предвидениот рок од 15 дена и не обезбедува второстепена правна заштита, што не е во согласност со член 106 и член 107 од Законот за општата управна постапка;
- во извештајот од извршената евалуацијата на пристигнатите понуди констатирано е дека еден од понудувачите не ги исполнил критериумите со кои би ја докажал економската и финансиската способност поради што неговата понуда не била земена во предвид при евалуацијата. Во текот на ревизијата оваа понуда не беше доставена на увид поради што не бевме во можност да ја утврдиме оправданоста од нејзино исклучување од

[15] Правилата за обезбедување на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем на РМ согласно кои е спроведена постапката се одобрени со Решение бр. 02-2105/1 од 06.12.2013 на РКЕ врз основа на Правила за пазар на електрична енергија (Службен весник на РМ бр. 57/2012, 168/12 и 91/2013) кои престануваат да важат со денот на стапување на сила на "новите" Правила за пазар на електрична енергија објавени во Службен весник на РМ бр. 38/2014.

понатамошна евалуација и да ја потврдиме правилноста на процесот на евалуација и избор на најповолна понуда.

Воспоставените правила и начин на постапување при набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем создаваат ризик од несоодветна примена на одредбите од Правилата за пазар на електрична енергија, нетранспарентност, можност за фаворизирање на одредени учесници во постапката, како и можност за субјективно решавање на наводите истакнати по жалбите, дотолку повеќе што не е прецизно пропишан начинот на постапување и роковите за решавање на жалби од страна на Управниот одбор.

**Препорака**

Одговорните лица во АД МЕПСО да ги преземат следниве активности:

- да се изготват Правила за обезбедување на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем кои ќе бидат во согласност со важечките Правила за пазар на електрична енергија и во кои правата и обврските на учесниците во постапката ќе бидат обезбедени согласно важечката законска регулатива;
- да се обезбеди целосно и комплетно зачувување на сите документи кои се генерираат за време на спроведувањето на Постапката за набавка на електрична енергија.

4.4.4. АД МЕПСО за финансирање на инвестиционите активности користи средства од повеќе кредитни линии врз основа на потпишани договори за заеми со меѓународни финансиски институции. Со извршената ревизија на расположливата документација во делот на одобрувањето на заемите, нивното искористување и исплата, ги констатиравме следниве состојби:

**Договор за заем со EBRD бр.44114**

- Во декември 2013 година, Друштвото има потпишано договор за заем со EBRD бр.44114 наменет за финансирање на Проектот за Рехабилитација на преносната мрежа и управување со ЕЕС во износ до 25.000.000 евра[16] со кој се планирани 4 компоненти и тоа:
  - Компонента 1: Рехабилитација на трафостаниците (3 лота),
  - Компонента 2: Далечинска контрола на трафостаниците (2 лота),
  - Компонента 3: Комплетирање на OPGW17 мрежата (3 лота),
  - Компонента 4: Рехабилитација на преносната мрежа (7 лота);
- со договорот предвидена е динамика за повлекување на заемот во најмногу 12 транши во рок од 48 месеци од потпишување на договорот, односно до

[16] Вкупната проценета вредност на Проектот е 40.500.000 евра, од кои 15.500.000 евра се сопствени средства на АД МЕПСО
[17] OPGW – Optical Ground Wire

крајот на 2017 година. Заклучно со 2016 година повлечени се 2 транши од 3.000.000 евра, односно до денот на ревизијата повлечени се 3 транши од вкупно 3.500.000 евра и остануваат неискористени средства од заемот во износ од 21.500.000 евра кои треба да се искористат во 9 транши до крајот на годината;

- во фазата пред и по одобрување на заемот, односно во текот на 2012, 2013 и 2014 година на име провизија за одобрување на заемот кон ЕБРД платени се 250.000 евра или 1% од вредноста на заемот. На име провизија за неповлечени средства, која согласно договорот изнесува 0,5% годишно на износот на неискористени средства, до денот на вршење на ревизијата кон ЕБРД платени се вкупно 422.254 евра, од кои само во 2016 година се платени 123.750 евра;
- за овој проект потпишан е договор со консултант во износ од 899.865 евра, на кој заклучно со 2016 година му се исплатени 373.518 евра и тоа 179.973 евра на име 20% аванс во 2014 година и 193.545 евра во октомври 2016 година по фактура и извештај за 2015 година. Заклучно со денот на ревизијата исплатени се и дополнителни 175.235 евра по фактури и извештаи за три квартали во 2016 година. Иако со договорот е предвидено квартално поднесување и одобрување извештај за спроведените активности и соодветно фактурирање, консултантот извештаите за 2015 и 2016 година ги доставил по истек од една година на периодот за кој што се однесуваат;
- во делот на реализација на компонентите од проектот, потпишани се договори со тројца изведувачи, и тоа еден договор од Компонента 1 за набавка и инсталација на високо напонска опрема[18] и два договори од Компонента 3, првиот за набавка и инсталација на надземно оптичко јаже[19] и вториот за набавка на опрема и изградба на подземна инсталација за оптичко поврзување, во вкупен износ од 3.186.982 евра. Освен за едниот договор од Компонента 1, по кој е реализирано плаќање на име аванс од 10% на износ од 187.200 евра (заклучно со 2016 година) и чија реализација се очекува да заврши во пократок рок од предвидениот, за останатите два склучени договори не е започната реализацијата поради немање согласност за амандман во делот на начинот на исплата (отворање на банкарска сметка) односно поради потребата од дополнителни активности кои не биле предвидени со договорот (треба да се обезбеди градежна дозвола за ископ низ Град Скопје);
- за останатите лотови од компонента 1, кои се однесуваат на набавка на опрема за трафостаници и релејна заштита, пристигнати се понуди по спроведената постапка и објавена тендерска документација, но настанат е застој во евалуацијата на понудите односно комисијата за евалуација бара повторување на тендерската постапка поради не воедначеност на формата на понудите, за што е известена и банката;
- за преостанатиот лот од Компонента 3, кој се однесува на набавка и инсталација на телекомуникациска опрема, во меѓувреме од страна на АД

[18] HVE - High Voltage Equipment
[19] OPGW - Optical Ground Wire

МЕПСО побарана е измена на техничкото решение, поради примена на посовремена технологија, но истото ги надминува планираните средства за набавка, поради што е потребно нивно дополнително обезбедување од други позиции, за што се чека одобрување од банката;

- во делот на Компонента 4 – која се однесува на замена на шест постојни 110 kV далекуводи[20], а подоцна во Проектот е додаден уште еден дел во првиот лот за замена на уште еден 110 kV далекувод[21] во периодот април и октомври 2015 година се направени потребните теренски посети од страна на претставници на консултантот и членови на работните групи за имплементација на проектот од Друштвото и во септември 2015 година се изготвени извештаи за истите. До денот на ревизијата за пет лота (пет траси на далекуводи) сеуште трае процесот на подготовка проектна задача во рамки на организационите единици и работни групи за имплементација, која треба да биде основа за изработка на тендерска документација, за еден далекувод (ТС Битола 1 – ТС Прилеп 1) тендерската документација е подготвена и се чека одобрување од банката и за далекуводот ТС Штип – ТС Пробиштип по спроведена постапка и отворање на понудите во мај 2017 година, понудите се наоѓаат во фаза на евалуација од страна на комисијата за евалуација. Како главна причина за недоволниот напредок во реализацијата на оваа Компонента, за која е наменет најголем дел од заемот од ЕБРД односно 14.700.000 евра, како и 9.500.000 евра сопствени средства на Друштвото, се посочува првично дадената проектна задача и претходно изготвена студија, нарачана од Друштвото за изградба на далекуводите со полиаголни челични столбови. Консултантот во септември 2015 година изготвил и до Друштвото доставил Извештај за споредба во кој истакнал дека опцијата за изградба на далекуводите со полиаголни челични столбови е тешко или воопшто не е применлива на терен и е поскапа од изградбата на далекуводите со челично решеткасти столбови, кои многу полесно и посигурно можат да се изведат, имајќи ја при тоа предвид и релјефната структура на трасата на која се протегаат далекуводите. Поради тоа, од страна на Друштвото побарано е од Консултантот и работните групи за имплементација да изготват тендерска документација со која на понудувачите ќе им се овозможи да дадат понуда за двете опции, а што значително го оддолжило процесот на изготвување на тендерската документација и технички спецификации;
- за Компонента 2 која се однесува на далечинска контрола на трафостаниците, сеуште не е постигната согласност на ниво на Друштвото, односно потребно е усогласување на две организациони единици (ИТ и ТК и ОЕПС) за проектната задача односно за видот на опремата што треба да се набави и инсталира, како и за начинот на кој ќе се пренесуваат податоците,

[20] ТС Битола 1 – ТС Прилеп 1, ТС Скопје 1 – ТС Миладиновци, ТС Велес – ТС Овче Поле, ТС Скопје 4 – ТС Велес, ТС Штип – ТС Овче Поле, ТС Штип – ТС Пробиштип.
[21] ТС Осломеј – ТС Кичево

поради што сеуште не е започнато со изготвување на тендерската документација.

**Договор за заем со EBRD бр. 46274**

- Во декември 2015 година, Друштвото има потпишано договор за заем со EBRD бр. 46274 наменет за финансирање на Проектот за Изградба на 400 kV интерконективен далекувод ТС Битола (Република Македонија) – ТС Елбасан (Република Албанија) и изградба на 400/110 kV ТС во Охрид во износ од 37.000.000 евра. Исто така во март 2016 година со EBRD во релација со Инвестицискиот фонд за Западен Балкан (WBIF), за реализација на истиот Проект потпишан е договор за грант од 12.000.000 евра, со што вкупната вредност на Проектот изнесува 49.000.000 евра. Во рамки на Проектот се планирани 5 компоненти и тоа:
    - Компонента 1: Набавка и инсталација на 400 kV интерконективен далекувод ТС Битола – МК/АЛ граница со проценета вредност од 25.500.000 евра (20.500.000 евра од заем и 5.000.000 евра грант),
    - Компонента 2: Набавка и инсталација 400/110 kV ТС во Охрид и ново 400kV далекуводно поле во 400/110 kV ТС Битола 2 со проценета вредност од 14.000.000 евра (10.000.000 евра од заем и 4.000.000 евра грант),
    - Компонента 3: Консултант на единицата за имплементација на проектот со проценета вредност од 2.000.000 (од заем),
    - Компонента 4: Smart Grid Improvements со пет лота и вкупна вредност од 3.000.000 евра, целосно финансирана со средствата од Грантот, меѓу кои најмногу средства во износ од 2.000.000 евра се планирани за набавка на Supervisory Control and Data Acquisition System (SCADA),
    - Непредвидени трошоци за кои се издвоени 4.500.000 евра (од заем);
- со договорот предвидена е динамика за повлекување на заемот во најмногу до 12 транши во рок од 48 месеци од потпишување на договорот, односно до крајот на 2019 година. Во досегашниот период **нема повлечени средства по овој заем;**
- во декември 2015 година, кога е и одобрен заемот, на име провизија за одобрување на заемот кон ЕБРД платени се 370.000 евра или 1% од вредноста на заемот, додека на име провизија за неповлечени средства, која согласно договорот изнесува 0,5% годишно на износот на неискористени средства, до денот на вршење на ревизијата кон ЕБРД платени се вкупно 271.739 евра, од кои само во 2016 година се платени 178.151 евра;
- за изготвување на проект и тендерската документација за компонентите 1 и 2, во јули 2016 година ангажиран е консултант со договор од 899.098 евра, обезбедени како грант од WBIF, а менаџиран од ЕБРД. Иако со договорот е предвидено негова целосна реализација во рамки на 12 месеци од датумот на воведување во работа (односно до август 2017 година), тендерската документација сеуште е во фаза на подготовка, а поради настаната потреба од промена на првично планираната траса поради отсуство на комуникација

на повеќе државни органи и институции[22]. Поради тоа од консултантот е доставено барање за пролонгирање на потребното време за изработка на тендерската документација и проектот до крајот на 2017 година;
- сеуште не е започнат процесот за ангажирање на консултант на единицата за имплементација на проектот, Компонента 3, со образложение дека нема потреба прерано да се ангажира, односно додека не бидат готови проектот и тендерската документација;
- во делот на реализација на Компонента 4, "Smart Grid Improvements" за два лота не е завршена подготовката на тендерската документација, за два лота евалуацијата на понудите е во тек, а за лотот за набавка на SCADA, по отворањето на понудите во декември 2016 година, изготвен е Извештај од комисијата за евалуација со предлог за одобрување за потпишување на договор со избраниот понудувач. Истиот од страна на Управниот одбор на АД МЕПСО е одбиен со Одлука од март 2017 година, со образложение дека избраната поединечна понуда е во износ од 3.700.000 евра без ДДВ ги надминува планираните и обезбедени средства од 2.000.000 евра грант и 1.000.000 евра сопствени средства на АД МЕПСО согласно усвоениот ГИП за 2017 и 2018 година, поради што АД МЕПСО треба да одвои дополнителни 700.000 евра кои не се планирани. Како причина за настанатата состојба се наведува што првично со проектот била планирана реконструкција од аспект на заштита и управување (секундарна опрема), но во Барањето за набавка била додадена и набавка на примарна опрема, со цел да се направи комплетна реконструкција на трафостаницата и да се добие трафостаница на високо техничко ниво, што довело и до значајно зголемување на понудата над планираните средства.

Утврдената состојба не е во согласност со склучените договори за заеми и грант, како и одредбите на Законот за трговски друштва кои предвидуваат дека лицата одговорни за управување и за надзор на Друштвото се должни доверените работи во Друштвото да ги вршат со внимание на уреден и совесен трговец.
Горенаведените состојби упатуваат дека Друштвото остварило многу низок степен на реализација на започнатите инвестициски проекти и искористување на финансиски средства обезбедени од заеми и грант, а при тоа исплатува високи трошоци на банката на име неискористени средства (приближно 300.000 евра годишно), како и трошоци за одобрување на заемите и камати, што доведува до ниска ефикасност на ангажираните средства и ресурси, нанесување материјална и финансиска загуба и нарушување на рејтингот на компанијата, а во исто време со нереализираните проекти за ревитализација на преносната мрежа и изградба на нов интерконективен далекувод ја доведува во ризик и безбедноста на електроенергетскиот систем во државата.

[22] Пројавени се повеќе локации на кои има доделени концесии за ископ на руда и вцртан детален урбанистички план за погранична зона Радожда, за кои претходно не бил известен проектантот

**Препорака**

Органот на управување на Друштвото да преземе активности за пропишување и донесување на политики и процедури со кои ќе обезбеди дека:

- за секое задолжување се направени и преземени потребните активности за утврдување на фактичката состојба и потреби од задолжувањето;
- конкретната намена на финансиските средства добиени со задолжувањето;
- се донесени потребните проектни документи и за истите се обезбедени потребните дозволи, согласности и одобренија од надлежни органи;
- се утврдени конкретните потреби со јасно дефинирана тендерска документација;
- е утврдена точна временска рамка на повлекување на средствата од одобрените кредити;
- во одредбите на склучените договори се содржани клаузули и рокови кои се применливи за Друштвото и нема да предизвикаат непотребно одлевање на финансиски средства на име казни и пенали.

Органот на управување на Друштвото да изврши преиспитување на преземените активности за реализација на предвидените компоненти согласно склучените договори и додели конкретни задолженија на инволвираните организациони единици и лица во насока на обезбедување на доследно почитување на временската рамка за имплементација и обезбедување наменско користење на средствата.

4.4.5. Правата и обврските на вработените во АД МЕПСО и други прашања во врска со работните односи од интерес на работниците и работодавачот меѓу другото се уредени и со Колективен договор склучен на ден 31.10.2013 година. Со извршениот увид во содржината на истиот ревизијата констатира дека одредени одредби не кореспондираат со важечките законски прописи, односно истите даваат поголеми права од правата утврдени со пооделните закони. Како резултат на вака утврдените права, во известувачкиот период:

- исплатен е регрес за годишен одмор за 2016 година во висина од 22.256 денари врз основа на Одлука донесена од Надзорниот одбор[23], односно во висина од една просечната нето плата во Република Македонија во последните три месеци. Утврдениот износ не е во согласност со одредбите на Законот за исплата на платите во Република Македонија во кој наведениот надоместок е утврден во висина најмногу до 60% од просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата, односно истата би требало да изнесува 13.088 денари. Вака утврденото право за регрес за годишен одмор предизвикува да бидат исплатени 5.143 илјади денари над законско утврденото право. Во исто време истакнуваме дека за извршената исплата на име на регрес за годишен одмор е пресметан и платен персонален данок на доход и

[23] НО бр. 02-2900/2 од 12.05.2016 година

зголемена е даночната основица за данок на добивка на име непризнаени расходи во износ од 6.674 илјади денари.

- исплатени се средства за отпремнина при заминување во пензија во износ од 5 просечни месечни плати исплатени во Друштвото во претходните три месеци, односно 883 илјади денари и 105 илјади денари за 3 просечни месечни плати исплатени во Друштвото во претходните три месеци (вкупно исплатени средства 987 илјади денари). Утврдениот износ не е во согласност со одредбите на Законот за исплата на платите во Република Македонија во кој наведениот надоместок е утврден во висина од двократен износ за отпремнина при заминување на работникот во пензија од просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата. Вака утврдената состојба предизвикува за оваа намена да бидат исплатени средства над законски утврденото право во износ од 723 илјади денари и за истите да биде пресметан и платен персонален данок на доход и да се зголеми даночната основица за данок од добивка по основ на непризнаени расходи за 804 илјади денари.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за исплата на платите во Република Македонија и предизвикуваат исплата на одредени надоместоци во поголем износ од износот од законски утврдениот, зголемувајќи ги трошоците за работењето на Друштвото.

**Препорака**

Работодавецот во соработка со синдикалната организација на АД МЕПСО да пристапат кон преиспитување на утврдените права во колективниот договор и за оние права кои постојат ограничувања во важечките законски прописи, да се изврши нивно усогласување.

4.4.6. Правата и обврските помеѓу Друштвото и членовите на Управниот одбор се уредени со склучување на поединечни договори во кои меѓу другото утврдено е обврска на Друштвото да надомести одредени трошоци на членови на Управниот одбор вклучувајќи ја и репрезентацијата. На ден 28.03.2016 година, Надзорниот одбор на Друштвото донесува Одлука со кое правото на име репрезентација за угостителски услуги на членовите на Управниот одбор го укинува, со давање можност при организирање на поголеми настани, средби со странски делегации од област на работењето на Друштвото одобрување на користење на репрезентација на членовите на Управниот одбор да дава Генералниот директор на Друштвото или Претседавачот на Управниот одбор. Со извршената ревизија констатиравме дека, во трговските книги на Друштвото искажани се трошоци во износ од 1.858 илјади денари за кои не се приложени докази за одобрување за правото на користење на репрезентација, нема целосни и конкретни податоци дали наведениот трошок е направен за намените кои се утврдени од страна на Надзорниот одбор и притоа дел од фактурите не се авторизирани од надлежните лица.

Утврдената состојба не е во согласност со Одлуката донесена од Надзорниот одбор бр. 02-2093/4 од 28.03.2016 година и предизвикува несоодветно користење на средствата на Друштвото.

**Препорака**
Надлежните органи за управување и надзор да преземат активности со кои ќе го уредат начинот на користење на угостителски услуги и обезбедат истите да се во функција на дејноста на Друштвото.

4.4.7. Во трговските книги на Друштвото во рамките на позицијата Материјални средства во подготовка на крајот на известувачкиот период искажани се податоци за инвестициска активност Реконструкција на фасада-Дирекција АД МЕПСО со вредност од 395.767 илјади денари, чие зголемување на вредноста во 2016 година изнесува 203.342 илјади денари. Со извршената ревизија на расположливата документација во делот на доделување на договори за изработка на идејно решение и ревидиран основен проект, како и во делот на доделување на договор за работи за изведба на реконструкцијата, следењето на реализацијата и надзор на истите, ревизијата ги утврди следните состојби:

**Договор за Изработка на ревидиран основен проект и Избор на идејно решение**

- За изработка на идејно решение за реконструкција на фасада на постоечкиот објект во централно градско подрачје - Дирекција на АД МЕПСО:
    - во март 2012 година, распишан е Конкурс за избор на идејно решение врз основа на поднесено Барање[24] за распишување конкурс, со приложени Извод од геодетски план и Извод од изменет и дополнет ДУП со објектот кој е предмет на конкурсното решение. Согласно податоците од приложените изводи, предмет на конкурсното решение е целиот објект, кој што во тој период не бил во целосна сопственост на АД МЕПСО, односно дел од објектот бил во сопственост и користен од страна на друго правно лице, а кој дел АД МЕПСО го купил од трето правно лице на крајот на истата година;
    - по спроведена постапка, во јуни 2012 година склучени се авторски договори за пренесување на авторското право на три избрани идејни решенија, со образложение дека во сите три труда има елементи кои што би можеле да се искористат во понатамошната разработка на идејното решение, до ниво на Основен проект, поради што се доделени сите три награди предвидени со конкурсот со вкупна вредност од 800 илјади денари. Поради наведеното идејното решение не било прецизно утврдено, а истото претставува основа за изработка на Основен проект;

[24] Барањето е поднесено од страна на раководителот на Служба за општи работи (СОР), затоа што тој  во период (март 2012 година) во Друштвото немало назначено директор на СПОР

- Со тендерската документација и технички спецификации кон објавениот оглас за доделување на договор за јавна набавка на услуги за Изработка на ревидиран основен проект за реконструкција и адаптација на фасадата и реконструкција на внатрешноста на постоечкиот објект во централно градско подрачје - Дирекција на АД МЕПСО од јули 2012 година, барано е:
    - да се направи проект за вкупна квадратура за реконструкција на фасадите од околу 5.600 м$^2$ и вкупна постоечка бруто квадратура на објектот од околу 10.000 м$^2$, што не кореспондира со вкупната површина на постоечкиот објект со кој располага Друштвото во тој момент, а која според имотен лист изнесува 4.962 м$^2$, ниту со вкупната површина на целиот објект од 7.712 м$^2$, на која АД МЕПСО станува сопственик на крајот на годината. На ревизијата и е презентиран договор за извршување на групна набавка со приватно правно лице кој во моментот на склучување на договорот се очекувало дека во разумен рок ќе се стекне со сопственост на дел од објектот за кој се бара изработка на проектна документација;
    - изготвувачот на проектната документација пред почнување на разработка на Основниот проект задолжително да направи "прецизна снимка на постоечката состојба на објектот", но од страна на проектантот не е целосно испочитувано наведеното барање;
    - проектот за реконструкција да се димензионира и изработи согласно моменталната состојба и потреби на Друштвото, од аспект на организациони единици и опременост на диспечерскиот центар, без при тоа да бидат земени во предвид плановите за формирање на уште една подружница во внатрешната организација на Друштвото и набавка на нова опрема (SCADA) за диспечерскиот центар, со чие формирање односно инсталирање во текот на наредната година бил потребен дополнителен простор и соодветни електрични и машински инсталации (разводна табла со поголема електрична моќност, агрегат, системи за ладење и др.);

- По спроведена постапка за јавна набавка на услуги во октомври 2012 година, склучен е Договор за Изработка на ревидиран основен проект за реконструкција и адаптација на фасадата и реконструкција на внатрешноста на постоечкиот објект во централно градско подрачје - Дирекција на АД МЕПСО со единствениот понудувач кој поднел прифатлива понуда – проектант, со вкупна вредност од 6.600 илјади денари, без ДДВ, со кој:
    - предвидено е носителот на набавката да го достави ревидираниот Основен проект во рок од 90 дена од денот на потпишување на договорот т.е. 15.01.2013 година и истиот записнички да го предаде на Друштвото. Презентираниот Записник за примопредавање на ревидиран проект е без деловоден број и датум на примопредавање, поради што не може да се потврди кога истиот е предаден во Друштвото. Потпишан е од сите членови на формираната комисија од

страна на Друштвото но не и од претставници на проектантот и ревидентот и во исто време не содржи потврда од потписниците за тоа дали истиот е изработен согласно утврдените барања во сите материјални и квалитативни аспекти, односно дали проектните барања од постапката за јавна набавка се целосно исполнети;

- се бара проектантот да предвиди решение кое би овозможило непречена работа на институцијата и нејзина активна функција за цело времетраење на реконструкцијата, но првичниот Основен проект е направен така да реконструкцијата се изведува во една фаза, што подразбира целосно ослободување на деловниот простор и преселба на вработените и опремата на друга локација, што е практично неизводливо поради неможност за дислокација на диспечерскиот центар кој се наоѓа во објектот. Од тие причини во текот на изведбата од страна на проектантот се правени измени и дополнувања на основниот проект заради прилагодување за изведба на работите во повеќе фази;
- не е предвидено постапување од страна на проектантот како и утврдување на одговорност доколку во текот на изведбата на реконструкцијата бидат утврдени недостатоци и пропусти во проектот, што предизвикало Друштвото да нема правен основ за обесштетување на штети настанати како последица на пропусти и недостатоци во проектот, кои се утврдени во текот на изведувањето на работите за реконструкција;
- не е предвидено вршење на проектантски надзор, за што е утврдена потреба уште во текот на првата година откако се започнати работите за изведба на реконструкцијата. За таа цел ангажиран е истиот проектант, со негова согласност да ја врши услугата без надомест. Во презентираниот извештај доставен од проектантот се наведува дека проектантски надзор и измени на проектот се вршени во период од септември 2014 година до февруари 2016 година, врз основа на повеќе парцијални барања од инвеститорот, без да има финално барање преточено во дополна на проектна програма, кои се извршени на добра волја на проектантот во интерес на динамиката на изведбата на проектот и дека понатаму нема обврска за вршење на проектантски надзор. Ваквиот начин на ангажирање на проектант за вршење проектантски надзор, без при тоа да биде спроведена соодветна постапка и да има склучен договор за вршење на проектантски надзор во кој би се утврдиле правата и обврските на договорните страни, упатува на неодговорно постапување со можност за настанување штети и финансиски импликации во понатамошниот период, доведува до ризик од неквалитетно, ненавремено и неодговорно вршење на проектантски надзор и изменување и дополнување на основниот

проект во текот на градбата и состојба во која Друштвото не може да ги заштити своите права и интереси;

- во исто време не е спроведена постапка ниту склучен договор за ревизија на изменување и дополнување на основниот проект, што не е во согласност со Законот за градење кој предвидува задолжителен позитивен извештај од извршена ревизија на основниот проект.

**Договор за Изведба на реконструкција и адаптација на фасада со цел подобрување на енергетската ефикасност и реконструкција на внатрешност на административна зграда - Дирекција на АД МЕПСО**

- На 31.12.2013 година склучен е Договор за јавна набавка на работи за Изведба на реконструкција и адаптација на фасада со цел подобрување на енергетската ефикасност и реконструкција на внатрешност на административна зграда - Дирекција на АД МЕПСО (во натамошниот текст договор за изведба) со избраниот најповолен понудувач со вкупна вредност од 551.367 илјади денари, без ДДВ, за кој го утврдивме следното:
    - договорот за изведба е склучен откако истата година се поништени две постапки за доделување на договор за јавна набавка на работи, со исто образложение дека не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива или соодветна понуда, поради непополнети единечни цени во еден дел од предмер пресметката[25]. При тоа тендерската документација, техничките спецификации и предмер-пресметката, авторизирани од различни лица, неколку пати се менувани и дополнувани со тоа што се вклучени нови позиции, содржината и количините на некои позиции се променети, а наведени се и значително поголеми количини на непроменети позиции во однос на првичната предмер пресметка, изготвена од проектантот;
    - со договорот предвидена е изведба на реконструкција и адаптација на фасада со цел подобрување на енергетската ефикасност, но тоа не било предвидено со Основниот проект, **односно истиот не содржи Елаборат за енергетска ефикасност.** Во исто време издаденото Одобрение за градба од ноември 2013 година се однесува за реконструкција и адаптација на фасада на административна зграда, **а не и за подобрување на енергетската ефикасност на фасадата на објектот**. Ваквата состојба не е во согласност со член 29 од Законот за градење според кој изведувачот е должен да изведува градежни работи согласно со одобрението за градење, ревидираниот основен и изведбен проект. Поради тоа ревизијата не доби разумно уверување за начинот на изведување на работи за реконструкција и адаптација на фасада со цел подобрување на енергетската ефикасност, доколку

[25] Напојни и разводни табли

претходно не бил изработен проект/елаборат со кој соодветно би се проектирало подобрување на енергетската ефикасност;

- со член 12 став 4 од договорот утврден е состав на 15-члена комисија која е одговорна за реализација на правата и обврските од договорот за јавна набавка на страната на АД МЕПСО, за различни фази од изведбата, со обврска да изготвува извештаи и записници за реализација на договорот и да ги одобрува месечните времени ситуации за изведени работи. Во комисијата во период од 17 месеци членува лице кое е истовремено и член на Управниот одбор на Друштвото, а во јуни 2014 година назначен е и координатор на проектот за кого не се утврдени конкретни задолженија и отчетност за вршењето на таа функција или односот кон комисијата. Наведеното упатува дека не е обезбедено соодветно разграничување на должностите и надлежностите на лицата задолжени за следење на реализацијата на договорот.

**Договор за Надзор на изведба на реконструкција и адаптација на фасада со цел подобрување на енергетската ефикасност и реконструкција на внатрешност на административна зграда - Дирекција на АД МЕПСО**

- По спроведена постапка на 05.02.2014 година склучен е Договор за јавна набавка на услуги - Надзор на изведба на реконструкција и адаптација на фасада со цел подобрување на енергетската ефикасност и реконструкција на внатрешност на административна зграда - Дирекција на АД МЕПСО (во натамошниот текст договор за надзор). Договорот за надзор е склучен со избраниот најповолен понудувач – надзорен орган, по спроведената е-аукција на која е постигната најниска цена од 680 илјади денари, во услови кога проценетата вредност на оваа набавка била 18.450 илјади. Оваа вредност на договорот за надзор претставува 0.12333% од вредноста на договорените работи со изведувачот кои се предмет на договорот за надзор и е значително пониска од вредноста на претходно склучениот и раскинат договор за надзор во 2013 година, која за истиот објект изнесувала 15.000 илјади денари или 2,72% од вредноста на работите кои се предмет на надзор. Имајќи ги предвид должностите и одговорноста кои надзорниот орган ги има во однос на проверка над изградбата и потврдување дали работите се изведени според проектната документација и одобрението за градење, описите и количините од договорената пресметка, како и важечките прописи, правила и стандарди, постои ризик дека со вака постигнатата ниска цена не може да се обезбеди доволно квалитетно и одговорно извршување на услугите на надзор на изведбата на работите.

**Реализација на Договор за изведба**

- Со склучениот Договор за изведба се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со изведбата на работите предмет на договорот и при тоа се утврдени повеќе одредби, за чија реализација ги утврдивме следните состојби:
  - **рок за изведување на работите и динамички план**
    Со договорот за изведба не е утврден рок на важност на истиот, а единствено е утврден рок за изведување на сите работи предмет на договорот од 18 месеци, сметано од денот на воведување во работа, кој се однесува за изведување на работите во нормални временски и непречени работни услови за изведба. За изведба на работите изведувачот изготвува динамички план кој го одобрува надзорот и комисијата на Друштвото и како таков претставува составен дел од договорот.
    Изведувачот е воведен во работа на 10.02.2014 година[26] и во исто време е изготвен динамички план според кој работите треба да се извршат во една фаза заклучно со јули 2015 година. Утврдениот рок за изведување на работите е продолжен два пати со склучување на Анекс на договори и тоа до 31.03.2016 година односно 31.07.2016 година, до кога изведувачот бил должен да ги изврши сите работи предмет на договорот, во согласност со предложениот нов динамички план. Во врска со потребата за продолжување на рокот за изведба, презентирани се повеќе барања од изведувачот, меѓусебни дописи, записници од одржани состаноци, како и мислење од надзорот во кое констатира дека „постојат оправдани, издржани и поткрепени услови и фактичка состојба на објект (констатирано во градежни дневници, градежни книги и останата кумулативна техничка документација)", за продолжување на рокот за изведба. При тоа се наведени повеќе причини поради кои изведбата не се одвивала согласно со динамичкиот план и договорот и тоа: основниот проект е изработен со пропусти и недостатоци (нема детали, постои неусогласеност на деловите, испуштени позиции во предмер пресметката); има предложени повеќе измени на проектот на барање на инвеститорот, но и на изведувачот и надзорот; подолг временски период отсуствувал проектантски надзор поради што покасно се доставени изменетите и дополнети ревидирани проекти за различни фази од изведбата.
    Имајќи предвид дека работите не биле завршени во утврдениот рок со Анекс бр.2 односно до 31.07.2016 година и изведувачот и понатаму продолжил да извршува работи на објектот, биле доставени повеќе

[26] Изведувачот е воведен во работа на 10.02.2014 година за фаза архитектура, градежништво и хидротехника, на ден 10.12.2014 година во фаза машинство и на 02.03.2015 година за фаза електрика, согласно увид во градежен дневник.

известувања и дописи од секторите во Друштвото, координаторот и комисијата задолжена за реализација на договорот, надзорот и изведувачот, во кои се укажува на можните правни и финансиски последици и штети кои можат да настанат по Друштвото, но Друштвото нема донесено соодветни одлуки и преземени активности за регулирање на извршените работи по истечениот рок за изведување на работите.

Ревизијата истакнува дека рокот за изведба од 18 месеци претставува еден од суштествените услови на договорот за јавна набавка, понудата и тендерската документација и дека со двата склучени Анекси, рокот за изведување на работите од 18 месеци е продолжен за дополнителни 12 месеци, а работите не се завршени и објектот не е предаден во употреба до денот на известување од извршената ревизија односно повеќе од 24 месеци по истекот на првично зададениот рок. Ваквата состојба не е во согласност со Законот за јавните набавки и начелото за еднаков третман на економските оператори, односно причините за продолжување на рокот за изведба мора да бидат објективни и непредвидливи, како не би се ставиле во неповолна положба другите економски оператори кои учествувале во постапката за јавна набавка;

- **непредвидени и дополнителни работи и вишоци**

  Со договорот за изведба е уредено дека изведувачот е должен по писмен налог од Друштвото да ги изведе евентуалните непредвидени и дополнителни работи, кои се предмет на регулирање со посебен договор кој би бил дополнително склучен во постапка предвидена со Законот за јавни набавки и во кој ќе биде утврдена цена за истите, додека за вишоците на работи важат цените утврдени со понудата.

  Во текот на изведбата од страна на изведувачот и надзорот доставени се повеќе известувања/мислења во врска со потребата од регулирање на градежни и градежно-занатски работи кои не се регулирани со договорот за изведба и тоа: 1. Вишоци на количини, постојат и во проектот и во тендерската предмер пресметка, за кои има утврдени единечни цени, се заведени во Градежна книга, и се чека нивно финансиско регулирање со Анекс договор; 2. Непредвидени работи, постојат во Основниот проект, но ги нема во тендерската предмер пресметка[27], т.е. испуштени позиции во предмер пресметката од страна на проектантот, кои треба да се изведат за да може објектот да функционира според Основниот проект; 3. Дополнителни работи, ги нема ниту во проектот ниту во тендерската предмер пресметка, тоа се разни електротехнички работи по иницијатива на инвеститорот поврзани со новата дополнителна опрема набавена од инвеститорот.

[27] дрвена кровна конструкција, пристапни рампи, потпорни ѕидови, лифтовски станици во сутерен, тавански регали за кабли и слично

Поради тоа се бара под најитно да се преземат активности за регулирање на истите и склучување на Анекси на договори.

И покрај повеќе иницијативи, во досегашниот период од страна на Друштвото не е започната постапка за регулирање на непредвидени и дополнителни работи. Презентирани се повеќе известувања, акти и насоки за постапувања донесени од Управниот одбор во рамки на Друштвото но по истите не е постапено со образложение дека постапка за непредвидени работи не е започната поради отсуство на комплетно барање согласно интерните процедури на Друштвото и потврда дека непредвидените работи кои биле изведени се и писмено одобрени од Друштвото, што не е во согласност со склучениот договор за изведба.

Во делот за регулирање на настанатите вишоци склучени се два Анекс договори во јануари и март 2017 година, врз основа на доставени времени ситуации со вкупна вредност од 50.131 илјади денари, издадени од изведувачот во текот на 2016 година. Овие времени ситуации се однесуваат на вишоци на работи изведени од почетокот на градбата заклучно со 31.03.2016 односно 31.07.2016 година, потврдени од страна на надзорот и комисијата задолжена за реализација на договорот. Ваквата состојба не е во согласност со член 99 став 8 од Законот за јавни набавки[28], особено што времени ситуации со вишоци на работи, одобрени од надзорот се доставувани од изведувачот во повеќе наврати во претходниот период и до две години наназад, но истите се враќани со образложение дека не се регулирани со Анекс на договор. Презентирани се дописи со кои предлог Анекс договор за вишоци е доставен за потпис до овластеното лице во текот на јуни 2016 година, но истиот не е потпишан. Врз основа на дадено овластување во 2017 година, Анекс договорите за вишоци од страна на Друштвото се авторизирани од страна на исто лице и во делот одобрил директор на Сектор за финансиски работи и во делот застапник на Договорен орган, со што не е обезбедено разграничување на надлежностите;

- **раскинување, санкции и банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот**

  Со договорот за изведба утврдени се случаите во кои Друштвото има право да го раскине договорот поради неисполнување на обврските од страна на изведувачот, меѓу кои и доцнењето со реализацијата по динамичкиот план подолго од 15 дена или неоправдано одолговлекување на работите, при што има право да ја активира

[28] Доколку при изведување на работите се јават кусоци и/или вишоци на работи, договорниот орган, по добивање на времената ситуација изготвена од страна на изведувачот и потврдена од страна на надзорниот инженер, склучува анекс на договорот за јавна набавка на работи со кој се уредуваат кусоците и/или вишоците на работи

банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот. Освен тоа утврдени се и одредби за наплата на договорна казна од изведувачот, доколку не исполни некоја од обврските која претставува не повеќе од 5% (незначителен дел) од договорените работи, а со чие неисполнување не се нарушува функционалноста на објектот. При тоа Друштвото врз основа на поднесен извештај од комисијата задолжена за реализација на договорот го задржува правото да одлучи дали на изведувачот ќе му наплати договорна казна во висина од 5% од вредноста на целиот договор и нема да објави негативна референца на ЕСЈН или ќе ја активира банкарската гаранција и ќе објави негативна референца на ЕСЈН. Комисијата одговорна за реализација на договорот со извештај утврдува дали неизведените работи претставуваат не повеќе од 5% од договорените работи и дали неисполнувањето на истите ја нарушува функционалноста на објектот.

Во услови на повеќекратно продолжување на рокот за изведување на работите, како резултат на доцнењето на реализацијата на изведбата согласно динамичките планови, доставени се повеќе известувања и дописи од секторите во Друштвото, координаторот и комисијата задолжена за реализација на договорот кои се однесуваат на пенализација на изведувачот. Во досегашниот период не е направена прецизна пресметка и Друштвото нема донесено соодветна одлука и преземени активности за наплата на предвидената договорна казна, ниту за наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, која изведувачот редовно ја продолжува и доставува до Друштвото и по истекот на рокот утврден со Анекс бр.2. Ваквата состојба не е во согласност со склучениот договор и член 361 од Законот за трговски друштва;

- **осигурување на објектот и работите предмет на договорот**

  Согласно договорот за изведба, изведувачот е должен да го осигура објектот, работите предмет на договорот, материјалите, опремата и работниците, полисата за осигурување да ја даде на увид на Друштвото и важноста на истата да биде до конечното примопредавање на работите предмет на договорот.

  Со извршениот увид во презентираните полиси, ревизијата констатира дека за период после 31.03.2016 година, работите предмет на договорот не се осигурени, а објектот кој е предмет на договорот е осигурен од страна и на трошок на Друштвото, што не е во согласност со склучениот договор. Ваквата состојба предизвикува неоправдани трошоци на Друштвото на име осигурување на објектот кој е под реконструкција и кој согласно член 95 од Законот за градење е одговорност на изведувачот т.е. се до издавање на одобрение за употреба и конечно примопредавање на објектот.

- Заради утврдување на тековната состојба во врска со реализацијата на договорот за изведба, на барање на ревизијата, од страна на надзорот доставена е Рекапитулација авторизирана од Главниот надзорен инженер, а достави и копии од Градежен дневник и Градежни книги по фази, за период по завршување на рокот за изведба утврден во Анекс 2, заклучно со декември 2016 година. Во исто време презентирана е и Рекапитулација доставена од изведувачот. Од извршениот увид и анализа на доставената документација ревизијата го утврди следното:
    - заклучно со јули 2016 година согласно основниот договор, фактурирани/регулирани се редовни работи во износ од 388.687 илјади денари, што претставува 70% од вредноста на договорот;
    - заклучно со март 2017 година согласно склучените анекси, фактурирани/регулирани се вишоци на работи во износ од 50.131 илјади денари кои се однесуваат за период до 31.07.2016 година, што претставува 9% од вредноста на договорот;
    - заклучно со септември 2016 година, согласно доставени и потврдени времени ситуации од надзорот, фактурирани се редовни и вишоци на работи во износ од 87.879 илјади денари, што претставува 16% од вредноста на договорот. За овие времени ситуации примено е Решение за издавање на нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа на предлог на изведувачот, а кои претходно се вратени на изведувачот со образложение дека истите не се потврдени од овластените лица на Друштвото и како такви не можат да бидат прифатени. Преку овластен застапник Друштвото доставило приговор до надлежниот суд и до денот на известување од извршената ревизија судската постапка е сеуште во тек;
    - изведени се дополнителни работи од 1.200 илјади денари за кои има потпишани градежни книги од Надзорот, кои не се регулирани со Анекс на договор. За изведените дополнителни работи презентиран е допис доставен од Друштвото до изведувачот во 2014 година за изведување на електрични инсталации;
    - изведени се непредвидени работи од 13.111 илјади денари, за кои од страна на изведувачот во јули 2017 година до Друштвото е доставена фактура за непредвидени работи извршени во фазата градежни и градежно занатски работи (пробивање на лифт, кровна конструкција, пристапна рампа и ѕидови), како и за фазата машински инсталации и електрични инсталации. Работите се извршени во период јануари 2015 година-јули 2016 година и при тоа поголемиот дел од градежните книги за фазата електротехника не се одобрени од надзорот. Фактурата со допис е вратена на изведувачот со образложение дека не може да се прифати поради тоа што истата не е одобрена од надзорот, не е презентиран уреден писмен налог од Друштвото со кој

изведувачот се задолжува да ги изведе непредвидените работи и поради тоа што не е склучен договор за непредвидени работи во кој би се утврдиле количините и цените на истите;

- според Рекапитулацијата на изведувачот, настанати се кусоци на работи од 92.893 илјади денари, што претставува 17% од вредноста на договорот. Овие кусоци не се регулирани и за истите не е изготвен Анекс на договор, односно не се вклучени во двата склучени Анекс договори за регулирање на вишоци, што не е во согласност со член 99 став 8 од Законот за јавните набавки;
- според надзорот за завршување на објектот потребно е да се реализираат уште редовни, вишоци и непредвидени работи во износ од 27.558 илјади денари;
- вкупната вредност на вишоците (регулирани и нерегулирани), непредвидените (изведени и проценети) и дополнителните работи според надзорот изнесуваат 101.423 илјади денари, што претставува 18% од вредноста на основниот договор за работи и не го надминува процентот од 30% утврден со член 99 од Законот за јавни набавки;
- според презентираниот примерок од градежен дневник, одобрен од главниот надзорен инженер, изведувачот изведувал работи во период од 30.07.2016 година до 03.02.2017 година, кои во главно се состојат од работи во фазата архитектура и градежништво. Во презентираниот примерок од Градежната книга за фаза електрика изведувачот навел дека се изведени редовни и вишоци на работи за одредени позиции, за кои нема наведено конкретен датум кога тие работи се изведени и на истите отсуства одобрување од страна на надзорен инженер.

Во текот на 2017 година од страна на Друштвото преземени се активности во насока на прибавување/обезбедување веродостојни докази (вклучително и обезбедување на комбинирано економско-градежно вештачење) заради утврдување на фактичката состојба со реализацијата на договорот за изведба, вклучително и склучените анекси, за врз основа на истата пред надлежниот суд да поднесе соодветна тужба против изведувачот.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва, Законот за јавните набавки и Законот за градење, упатуваат на отсуство на синхронизација, неодговорно и несовесно работење, како и на непреземање на соодветни дејствија за заштита на интересите на Друштвото од страна на одговорните лица. Како резултат на тоа работите за изведба на објектот не се довршени особено во делот на електричното напојување во вториот дел од зградата, а вработените и понатаму, по речиси 4 години од склучувањето на договорот за работи, работат во тесен простор, во само еден помал дел од зградата (прва фаза), што е околу 1/3 од вкупниот деловен простор на зградата. При тоа Друштвото се соочува и со проблеми околу одржувањето на вградената опрема која тековно ја користи (лифтови, систем за греење и ладење

и сл.) а за која до конечното завршување на работите и примопредавање на објектот е одговорен изведувачот[29].

**Препорака**

Органот на управување на Друштвото да изврши преиспитување на досега преземените активности за реализација на договорот за изведба и додели конкретни задолженија на инволвираните организациони единици и лица во насока на надминување на состојбата, регулирање на изведените работи, целосно довршување на објектот, обезбедување на одобрение за употреба, примопредавање на објектот и ставање на истиот во функција.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.2. до 4.4. , кои се основ за изразување мислење, се однесуваат на: отсуство на имотни листови за дел од материјалните средства на друштвото, недоследности во постапката на попис на средствата и обврски и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, недоследности во процесот на доделувањето на договорите за јавни набавки, плаќање на трошоци на име провизија за ненавремено искористени средства од одобрени заеми, исплатени надоместоци над законски утврденото право и користење на средства на име репрезентација за кои не се приложени докази за правото на користење како и преземени активности на име реконструкција на градежен објект кои не се целосно уредени со договор.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на АД МЕПСО на ден 31 декември 2016 година како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на АД МЕПСО, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

[29] Гарантниот рок за изведените работи трае 2 (две) години и почнува да тече од датумот на издавањето на одобрение за употреба на објектот предмет на договорот, во кој рок изведувачот се обврзува да ги отстрани сите недостатоци кои ќе се појават како последица на неквалитетно изведување на работите и вградениот неквалитетен материјал

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Правата и обврските од работниот однос помеѓу АД МЕПСО и синдикатот на АД МЕПСО се уредени со Колективен договор од 2013 година. Со извршениот увид во Колективниот договор, ревизијата утврди дека меѓу другото во членот 197 став 2 точка 3 е утврдено дека “од средствата за работа на друштвото да се обезбедат средства за работа на синдикатот во Друштвото во висина од 2% од средствата на бруто исплатените плати во Друштвото во претходната година”. Врз основа на вака утврдената обврска воспоставена е пракса кон крајот на секоја година синдикалната организација да доставува барање до Управниот одбор за одобрување на финансиски средства. Во известувачкиот период Управниот одбор донесува Одлука за обезбедување на средства за работа на синдикалната организација во вкупен износ од 6.200 илјади денари. Во 2016 година во корист на сметката на Синдикалната организација уплатени се 6.200 илјади денари. Со извршениот увид во поднесеното барање и прегледот на извршени расходи на синдикалната организација на АД МЕПСО Скопје за 2016 година, ревизијата констатира дека приближно 59% од средствата се потрошени за непродуктивни расходи, односно расходи кои не се во функција на синдикалното организирање и делување.
Неоспорувајќи го правата на поддршка на синдикалното организирање и делување, ревизијата упатува на потребата надлежните органи за управување на Друштвото да ја преиспитаат висината на одобрените средствата и нивната намена.

6.2. Неоспорувајќи го правото одредени права и обврски на вработените на АД МЕПСО и други прашања во врска со работните односи од интерес на работниците и работодавачот да ги уредуваат со колективен договор, ревизијата смета за потребно дека во известувачкиот период исплатени се јубилејни награди на работниците за непрекината работа во Друштвото за навршени 10, 20, 30, и 40 години работа, или 150% за 10 години, 190% за 20 години, 230% за 30 години и 270% за 40 години од просечната месечна нето плата во Друштвото во претходните три месеци, односно во тековната 2016 година исплатени се јубилејни награди во вкупен износ од 1.675 илјади денари. Имајќи во предвид дека АД МЕПСО извршува дејност од јавен интерес потребно е да изврши преиспитување на поодделните права утврдени со Колективниот договор на ниво на работодавач и нивно усогласување со правата утврдени за вработените во јавниот сектор.

6.3. Воспоставена е пракса друштвото да се впушта во градење на објекти кои имаат различна намена, а не се во функција на дејноста „пренос на електрична енергија“ и истите да ги преотстапува како донација на други правни субјекти. Во известувачкиот период презентирани се податоци за вложени средства во

СКИ – центри на сметка материјални средства во подготовка во износ од 31.815 илјади денари и тоа за скијачки центар Галичица, ски центар Јабланица, ски центар Берово и ски центар Плачковица и воедно искажани се трошоци за донации со даночно поттикнување во износ од 70.544 илјади денари а се однесуваат на изграден и предаден „СНОУ БОРД ПАРК“ на една општина. Според расположливите податоци може да се констатира дека активностите за изградба на наведениот објект се отпочнати во текот на 2012 година. Ревизијата не доби разумно уверување за редоследот на одредени активности и тоа:

- општината примател на донацијата пристапува кон измена и дополнување на Програмата за активности на спортски друштва и одржување на спортската инфраструктура во општината за 2013 година, со јасно назначување на името на објектот претходно опишан, утврдувајќи за истиот статус на „објект од јавен интерес“;
- барањето од општина примател на донацијата е поднесено до АД МЕПСО на 20.02.2015 година, наведувајќи дека „донацијата бараме да ја предадете на општините Пробиштип и Кочани, а со истата ќе стопанисува Заедничко јавно претпријатие Пониква КП Кочани, кое го формиравме за таа намена„;
- донесени се повеќе одлуки од Управниот и Надзорниот одбор во врска наведениот објект меѓу кои и Одлука УО бр.02 – 3340/2 од 30.06.2015 година, со која се прифаќа барањето за донација;
- на 07.09.2015 година Владата на Република Македонија донесува одлука со која се одобрува работењето на Управниот одбор на АД МЕПСО во врска со донесената одлука за донација;
- склучен е договор за донација помеѓу АД МЕПСО и општина Пробиштип на ден 27.11.2015 односно 13.01.2016 година. На ревизијата не се дадени соодветни објаснувања зошто во договорот не вклучена и другата општина односно Заедничкото јавно претпријатие кој требало да биде краен корисник на донацијата;
- барањето за потврдување на јавен интерес на дадена односно примена донација или спонзорство до надлежното министерство е доставено на ден 26.01.2016 година а решението е донесено на ден 23.02.2016 година;
- на 20.04.2016 година изготвен е Записник за примопредавање на СНОУ БОРД парк во скијачки центар Пониква помеѓу АД МЕПСО и општина Пробиштип.
- на ревизијата не и се дадени докази и информации за начинот на кој се обезбедува транспарентност во процесот и овозможување на еднаква можност на сите општини до пристапот на средствата на АД МЕПСО на име донации.

Имајќи предвид дека се работи за активности кои не се во дејноста на Друштвото и кои имаат влијание врз неговото работење, ревизијата препорачува Друштвото да го преиспита финансирањето на активности кои не се во дејноста на друштвата.

6.4. Обрнуваме внимание дека АД МЕПСО се јавува во својство на тужена страна од страна на повеќе правни и физички лица во повеќе случаи во вкупна вредност од 2.303.535 илјади денари (Прилог број 7, 8 и 9). Имајќи го во предвид тужбеното барање во делот на главниот долг, евентуалните пресметани и признаени камати и судски трошоци за водење на постапките постои ризик дополнително да се одлеат парични средства од друштвото.

АД МЕПСО се јавува и како тужител во повеќе постапки против правни и физички лица во вкупен износ од 743.548 илјади денари (Прилог број 10 и 11). Отсуството на преземени политики за обезбедување на побарувањата влијае Друштвото да има континуирано ненаплатени побарувања и за истите да бара постапување од надлежните судови, со што се создаваат дополнителни трошоци на товар на друштвото. Наведената состојба упатува на потребата од преиспитување на воспоставената пракса и пропишување на политики за начинот на обезбедување на побарувањата.

Ревизијата смета за потребно да истакне дека не обезбеди разумно уверување на потребата од преземање на активности за меѓусебно утужување на акционерски друштва кои се во државна сопственост и создавање на дополнителни трошоци на име застапување од адвокатски друштва без притоа да се бара постапување од Владата на Република Македонија која ги врши правата и обврските на Собрание на друштвата.

Заклучно со известувачкиот период друштвото има поднесени тужбени барања против ЕЛЕМ АД Скопје во износ од 366.824 илјади денари и против МЖ Транспорт 111.511 илјади денари и во исто време друштвото е тужено од ЕЛЕМ АД во износ од 2.100.945 илјади денари.

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2016 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2016** | **2015** |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 5.112.721 | 5.122.442 |
| Останати приходи | 40.088 | 61.045 |
| **Вкупни приходи од работењето** | **5.152.809** | **5.183.487** |
| Трошоци за суровини и други трошоци | 3.691.768 | 3.255.878 |
| Трошоци за услуги | 53.102 | 50.802 |
| Плата, надоместоци на плата и останати трошоци на вработени | 418.807 | 362.751 |
| Трошоци за амортизација | 454.223 | 411.094 |
| Останати трошоци од работење | 150.448 | 218.192 |
| Вредносно усогласување на краткорочни средства | 171.496 | 110 |
| РЕЗЕРВИРАЊА ЗА ТРОШОЦИ И РИЗИЦИ | 0 | 0 |
| Останати расходи | 10.318 | 67.754 |
| **Вкупно расходи од работењето** | **4.950.162** | **4.366.581** |
| Финансиски приходи | 9.742 | 54.041 |
| Финансиски расходи | 40.511 | 86.258 |
| ДОБИВКА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | 171.878 | 784.689 |
| ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | 171.878 | 784.689 |
| **Данок од добивка** | **18.695** | **79.508** |
| НЕТО ДОБИВКА | 153.183 | 705.181 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 893.489 | 1.218.490 |
| Побарувања од купувачи | 940.964 | 975.768 |
| Побарувања за дадени аванси | 2.173 | 14.981 |
| Други краткорочни побарувања | 84.108 | 27.385 |
| Залихи | 56.825 | 53.558 |
| Аванси за нематеријални и материјални средства | 22.976 | 23.739 |
| **Вкупно тековни средства** | **2.000.535** | **2.313.921** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални средства | 13.027 | 11.835 |
| Материјални средства | 7.693.963 | 7.821.331 |
| ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ | 0 | 0 |
| Долгорочни финансиски средства | 8.723 | 6.263 |
| **Вкупно нетековни средства** | **7.715.713** | **7.839.429** |
| **Вкупна актива** | **9.716.248** | **10.153.350** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1.429.434 | 1.527.384 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 58.338 | 47.614 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 24.304 | 97.883 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 262 | 0 |
| Краткорочни финансиски обврски | 502.348 | 439.269 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди | 584.674 | 914.073 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **2.599.360** | **3.026.223** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | 2.080.336 | 2.243.759 |
| **Вкупно нетековни обврски** | **2.080.336** | **2.243.759** |
| **Капитал и резерви** | | |
| Основна главница-Запишан и уплатен капитал | 3.356.310 | 3.356.310 |
| Ревалоризациони резерви | 60.903 | 60.903 |
| Резерви | 1.466.155 | 796.233 |
| Добивка за тековна година | 153.184 | 669.922 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **5.036.552** | **4.883.368** |
| **Вкупна пасива** | **9.716.248** | **10.153.350** |

## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ

во 000 денари

| О П И С | Акционерски капитал - обични акции | Ревалоризациона резерва | Резерви | Акумулира-на добивка | Добивка за финансиска година | **ВКУПНО КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 (2 до 6) |
| **Состојба на ден 01 јануари 2016** | **3.356.310** | **60.903** | **796.233** | **669.922** | **0** | **4.883.368** |
| **Зголемувања:** | **0** | **0** | **669.922** | **0** | **153.184** | **823.106** |
| Распоред на нето добивка за деловната година | | | 669.922 | | 153.184 | **823.106** |
| **Намалувања:** | **0** | **0** | **0** | **669.922** | **0** | **669.922** |
| Останати намалувања (да се специфицира) | | | | 669.922 | | **669.922** |
| **Состојба на ден 31. декември 2016** | **3.356.310** | **60.903** | **1.466.155** | **0** | **153.184** | **5.036.552** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2016 ГОДИНА

| | во 000 денари |
|---|---|
| | **2016/2015** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ | **153.184** |
| Усогласување за Трош./ приходи кои не пре. одлив /прилив на парични средства | |
| Амортизација | 454.223 |
| Вредносно усогласување на побарувања | 171.495 |
| Кусоци | 4 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 628 |
| Приходи од отпис на обврски | 0 |
| **Готовински текови од работење** | **779.534** |
| Побарувања од купувачи | (123.883) |
| Побарувања од државни органи и институции | (56.723) |
| Побарувања од вработени | - |
| Краткорочни финансиски средства | - |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи | - |
| Залихи | (3.267) |
| Аванси за нематеријални и материјални средства | 763 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | (97.950) |
| Примени аванси, депозити и кауции | 10.724 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | (73.579) |
| О | - |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 262 |
| Краткорочни финансиски обврски | 63.079 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди | (329.399) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **169.561** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Долгорочни финансиски вложувања | (2.460) |
| Нематеријални и материјални вложувања | (328.679) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(331.139)** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | |
| Обврски по долгорочни кредити | (163.423) |
| Капитал | |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(163.423)** |
| НЕТО НАМАЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | **(325.001)** |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА | **1.218.490** |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | **893.489** |